ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

од Ректорот
проф. д-р Владо Ванковски
за работењето на Универзитетот

Академска
2019/2020
година

СКОПЈЕ
Декември 2020

# 2019 - 2020



**ВОВЕД**

Ректорот на Европски универзитет Скопје, согласно член 99 од Законот за високо образование („Сл.весник на РМ" бр.82/18), најмалку еднаш во годината, поднесува извештај за својата работа и за работата на универзитетот, до универзитетскиот сенат и основачот.

Во годишниот извештај за работа на ректорот, се содржани: условите под кои се врши дејноста на универзитетот, бројот на студенти во академската 2019/2020 година, резултати од студирањето, студиските програми, наставниот кадар и покриеноста на наставата по факултети, издавачката дејност, научно-истражувачката дејност, стручно-уметнички активности на Факултетот за арт и дизајн, практичната работа на студентите, активностите на деканите, наставничкиот и соработничкиот кадар, меѓународната соработка, промоцијата на универзитетот, одржани седници на Ректорска управа и Универзитетски сенат, одржани седници на наставно-научните совети на факултетите во состав на Европски универзитет Скопје, Меѓународното научно списание за науки и уметности „ИДЕЈА" и работата на ЕРАЗМУС канцеларијата.

Јас, д-р Владо Ванковски, редовен професор на Факултетот за стоматологија, почнувајќи од 01.10.2019 година, ја извршувам функцијата Ректор на Европски универзитет Скопје. Чест и задоволство е да се раководи со првиот приватен универзитет во нашата држава.

Моите цели и работни ангажмани беа насочени кон опстојување на пазарот на високообразовните услуги и постигнувањето стабилност, раст и развој на Универзитетот, зголемување на бројот на запишани студенти од земјата и странство, понуда на стипендии и поволности за ученици со одличен успех, подобрување на конкурентските предности и понуда на поквалитетни високообразовни услуги.

За реализација на овие цели, беше потребен индивидуален и колективен ангажман, со голема објективност и самокритичност и рационално користење на ресурсите, од страна на целиот кадар со кој располага универзитетот, кој донесе квалитет и успех во работата на секое поле.

Во текот на академската 2019/2020 година редовно се одржуваа седници на Ректорската управа, на кои присуствуваа деканите на факултетите, генералниот

секретар, проректорот за настава и претставник на правната служба, на кои беа разгледувани и решавани сите проблеми кои настануваат во текот на работењето. Дискутирано беше за активностите на наставниот и соработничкиот кадар, обврските кои произлегуваат од Законот за високо образование, Универзитетскиот статут како и работните задачи на целокупниот административно-технички кадар. Сите академски активности и работни обврски беа извршени ефективно, ефикасно и навремено.

Во оваа академска година се одржа Десеттата Меѓународна научна конференција „Патот кон успехот–иновација, интеракција и имлементација",организирана од страна на Факултетот за стоматологија во состав на Европски универзитет Скопје.

Издадено беше и 6-то издание на Меѓународното списание за наука и уметност ИДЕЈА, во кое беа објавени се 19 научни трудови од различни области, како и 14 уметнички и дизајнерски дела.

Исто така воспоставен беше контакт со универзитети од странство, кој резултираше со склучување на Интеринституционални договори за соработка, преку програмата „Еразмус+".

Оваа академска година се спроведе самоевалуација за период од 2016 до 2019 година. Истата имаше за цел да се согледаат достигнувањата од примената на најдобрите практики на високото образование во работењето на Европски универзитет Скопје. Универзитетот е целосно посветен на воведување на современи високообразовни стандарди со цел да понуди високо квалитетно образование за своите студенти.

Наставните активности во академската 2019/2020 година на Универзитетот, а посебно летниот семестар, се одржуваа со комбинирана форма (on-line и со физичко присуство), поради пандемија со вирусот COVID-19.

# СОДРЖИНА

ВОВЕДЕН ДЕЛ.......... 7
А. ОПШТИ НАПОМЕНИ.......... 7
Б.УСЛОВИ ПОД КОИ СЕ ВРШИ ДЕЈНОСТА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ .......... 9
1. СТУДЕНТИ.......... 12
1.1 РЕЗУЛТАТИ ОД СТУДИРАЊЕТО.......... 16
2.НАСТАВА.......... 19
2.1 ФАКУЛТЕТИ ВО СОСТАВ НА ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ .......... 23
2.2 НАСТАВЕН КАДАР.......... 34
2.3 ПОКРИЕНОСТ НА НАСТАВА.......... 36
3.СТУДИСКИ ПРОГРАМИ.......... 55
4. ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ.......... 118
4.1 СПИСОК НА ИЗДАДЕНИ УЧЕБНИЦИ.......... 118
5.НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ.......... 122
5.1 ИЗДАДЕНИ НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКИ ТРУДОВИ.......... 123
5.2 СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ НА ФАД.......... 127
6. ПРАКТИЧНА РАБОТА НА СТУДЕНТИТЕ.......... 139
7.КЛИНИЧКА НАСТАВА.......... 144
8.МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА.......... 145
9.ПРОМОЦИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ.......... 148
10. АКТИВНОСТИ НА НАСТАВНИЦИ И СОРАБОТНИЦИ.......... 151
10.1 АКТИВНОСТИ НА НАСТАВЕН КАДАР.......... 151
10.2 ПОСЕБНИ НАКТИВНОСТИ НА ДЕКАНИТЕ.......... 167
11.РАБОТА НА ОРГАНИТЕ И ФАКУЛТЕТИТЕ ВО СОСТАВ НА ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ.......... 172
11.1РАБОТНИ ОБВРСКИ НА УНИВЕРЗИТЕТСКИ СЕНАТ ВО АКАДЕМСКАТА 2019/2020 ГОДИНА .......... 172
11.2 РАБОТНИ ОБВРСКИ НА РЕКТОРСКА УПРАВА ВО АКАДЕМСКАТА 2019/2020 ГОДИНА.......... 174
11.3 РАБОТА НА ОРГАНИТЕ ВО СОСТАВ НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ .......... 175
12.РАБОТА НА ЕРАЗМУС КАНЦЕЛАРИЈАТА.......... 186

**13.МЕЃУНАРОДНО НАУЧНО СПИСАНИЕ ЗА НАУКИ И УМЕТНОСТИ „ИДЕЈА” . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 187**
**14.САМОЕВАЛУАЦИЈА. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .188**

**ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 189**

**ВОВЕДЕН ДЕЛ**

## А. ОПШТИ НАПОМЕНИ

Европскиот универзитет Скопје е во постојана служба на студентите, помагајќи им да постигнат личен успех и да ги исполнат своите желби да станат дел од младите интелектуалци кои ќе остварат личен просперитет и ќе придонесуваат за развојот на општеството во целина. На студентите на ЕУ Скопје им се обезбедува академско искуство од највисок квалитет. Насоченоста на Универзитетот е да се постигне знаење кое ќе биде покрај за личното и за промовирање и подобрување на јавната перцепција за вредноста на високото образование. Европски универзитет Скопје своето работење во академската 2019/2020 година го остваруваше според акредитираните програми, со постојано настојување да се унапреди пристапот кон студентите и на истите да им се овозможи стекнување знаење.

Европски универзитет Скопје е универзитет кој континуирано го развива и унапредува процесот на добивање знаења и образованието, истовремено создавајќи висококвалитетна едукативна и натпреварувачка средина. Универзитетот обезбедува квалитет со примена на најдобрите практики на високото образование во сопственото работење. Активностите на Универзитетот се спроведуваат во согласност со Законот за високо образование („Сл.весник на РМ" бр.82/18) и се насочени кон остварување на процесот на:

1. Високото образование,
2. Научните и истражувачките активности;
2. Следење на европските и интернационалните образовни движења;
3. Остварување соработка со високообразовни институции во земјата и во странство;
4. Евалуација според европските и интернационални студии;
5. Организирање на меѓународни научни конференции,
6. Реализирање на практичната настава на студентите.

Основната цел на Европски универзитет Скопје е да обезбеди висок квалитет во образованието, еднаков со квалитетот на најдобрите образовни институции во Европа и во светот. Универзитетот им овозможува на студентите да се стекнат со силна академска основа со пристап до различни знаења од научните области кои

се предмет на изучување на факултетите во состав на универзитетот и да се подготвуваат да бидат продуктивни, компетентни професионалци и одговорни граѓани во разновидната и динамична глобална околина.

Универзитетот ги развива и следните цели:

- Да се има постојано високо ниво на знаење;

- Да овозможи континуиран академски развој;

- Постојано да се унапредува образовниот процес и образовните операции и да им се овозможи на студентите висококвалитетно образовно и практично искуство и одлично спроведување на процесот на образование;

- Да се овозможи развој на сите единици во состав на универзитетот и да создаде можности за персонален развој и надградба на кадарот;

- Да им се овозможи на студентите висококвалитетно образовно и практично искуство и одлично спроведување на процесот на образование;

- Да се воспостават кооперативни врски со интернационални и надворешни образовни институции, со цел да го негува академскиот развој;

- Пренесување на научни и стручни, знаења и вештини;

- Изведување на научни и истражувачки активности.

Во остварувањето на својата мисија, универзитетот секогаш се определува за четири трајни вредности:

- современ концепт на организација на наставата;
- висок квалитет и стандард во реализацијата на деловните процеси;
- интензивна меѓународна соработка и
- поврзување со сите значајни учесници на националното и меѓународно опкружување.

Приоритетна задача на Универзитетот е да го подготви образовниот процес т.е. професионализација и специјализација на студиите со помош на меѓусебна соработка со други слични по дејност високообразовни и научни институции, како и образување на компатибилност со развојните насоки во европското високо образование.

Стратегијата на Европски универзитет за спроведување на неговата мисија е насочена кон долгорочно одржување и продолжување со понуда на квалитетно

образование со задоволување на високите академски, професионални и технички критериуми и услови за модерно студирање според европски стандарди. Универзитетот негува еден целосно нов и поинаков пристап кон студентите и кон стекнувањето знаење. Научно-наставниот и соработничкиот кадар е посветен на студентите.

## Б. УСЛОВИ ПОД КОИ СЕ ВРШИ ДЕЈНОСТА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

Универзитетот работи на простор од над 17.000 квадратни метри вкупна површина во која се влегуваат 17 предавални, 2 големи амфитеатари, 5 високо софистицирани компјутерски и други лаборатории за изведување на наставата по графички дизајн и ентериер, моден дизајн, опремена со најсовремени машини за шиење и маси за кроење – модно студио, студио за прототипови (опремено со машини и алат за обработка на материјали), атаље (работни места за цртање и сликање), сала за важбање (кик-бокс и боречки вештини), посебни предавални за изведување на настава и вежби на Факултетот за стоматологија, како и посебен Универзитетски стоматолошки клинички центар **„ПРОФ. Д-Р БОЈО АНДРЕСКИ"** на кој се изведува настава на Факултетот за стоматологија.

**Слика 1:**
**Модерно уредено ателје за моден дизајн според сите стандарди кои овозможуваат одлична работа**



Факултетите располагаат со најсовремени помагала и техничка поддршка за изведување на предвидените програми како компјутери, принтери, скенери, веб-камери, микрофони, звучници, проектори, фотокопири, телевизори и смарт табла. Универзитетот располага со лаптопи и десктоп компјутери, неколку сервери, видеопроектори, специјализирана хардверска опрема за идниот систем за далечинско учење. Универзитетот користи и многубројни софтверски решенија.

**Слика 2:**
**Современи услови за работа и студирање**



Целокупната опрема и просториите на Универзитетот се во функција на студентите, наставниците и административниот кадар. Предавалните се оспособени за работа во групи, не поголеми од 50 студенти. Информатичките простории се приклучени 24 часа на интернет и со тоа им се овозможуваат на студентите неопходните услови за научни истражувања и реализација на проектни задачи. Секоја предавална е опремена со компјутер, поврзан со проектор и аудиовизуелна камера што овозможува современа изведба на наставата и истовремено следење на наставата преку интернет.

На Универзитетскиот web-site сите линкови функционираат, повеќето од текстовите и информациите за факултетите и наставниот кадар се ажурирани, страните имаат преводи на англиски јазик и поставена е посебна страница (линк) за интернационални студенти. За полесен и поедноставен начин на пријавување испити, за студентите се обезбедени online пријави. Професорите и

соработниците имаат свои кабинети со што им се обезбедени услови за работа и прием на студентите. Универзитетот располага со современ систем на обезбедување, што подразбира, видеокамери низ целиот објект, како и специјално обучен кадар од агенција за обезбедување.

На факултетот функционира и универзитетски Facebook, Instagram и Youtube-профил.

## 1. СТУДЕНТИ

Во академската 2019/2020 година на Европски универзитет Скопје, на прв и втор циклус студии, студираа вкупно 560 студенти. Од вкупниот број на студенти, 511 студенти или 91% студираа на прв циклус студии и 49 студенти или 9% на втор циклус студии.

**Графикон број 1:**




Од вкупниот број на студенти, 134 студенти или 23.9% се студенти во прва година, 94 студенти или 16.9% во втора година, 119 или 21,25% се студенти во трета година, 135 или 24% се студенти во четврта година, 29 студенти или 5,17% во петта година на Факултетот за стоматологија, 1 студент или 0,18% во четврта година на втор циклус студии модул (3+2) на Факултетот за арт и дизајн[1], 14 студенти или 2,5% се студенти во петта година на втор циклус студии модул (3+2) на Факултетот

[1] Факултетот за арт и дизајн е единствениот акредитиран факултет со студиска програма на втор циклус студии модул (3+2) и втор циклус студии модул (4+1)

за правни науки[2] и 34 студенти или 6,1% на втор циклус студии модул (4+1) на Факултетите за економски науки, Факултетот за детективи и криминалистика и Факултетот за арт и дизајн[3].

**Графикон број 2:**




Вкупниот број на студенти на Европски универзитет Скопје во академската 2019/2020 година е намален во однос на претходната 2018/2019 година за 100 студенти, односно за 492 студенти помалку во однос на 2017/2018 академска година или 741 студент помалку од вкупниот број на студенти во академската 2016/2017 година.

---

[2] На Факултетот за правни науки ова е последна генерација на студенти на втор циклус студии модул (3+2), бидејќи факултетот не доби решение за акредитација на нова студиска програма
[3] Факултетот за информатика нема акредитирана програма на втор циклус студии

**Графикон број 3:**




Од вкупниот број студенти, 540 или 96,43% се студенти од Република Северна Македонија, 20 студенти или 3,57% се странски студенти ( 6 студенти од Р.Турција, 5 студенти од Хашемитско Кралство Јордан, 4 од Сирија, 1 студент од Палестина, и по 1 студент од Русија, Р.Германија, Босна и Херцеговина и Косово ).

Студентите од Република Северна Македонија припаѓаат на следниве националности : 419 или 78% се Македонци, 81 или 15% се Албанци, 22 или 4.07% Турци, 6 или 1.11% Бошњаци, 6 или 1.11% Роми, 4 или 0.74% Срби, 2 или 0,37% Власи.

**Графикон број 4:**



Вкупниот број на студенти на I /прв/ и II /втор/ циклус студии по Факултети во академската 2019/2020 е следниот:

- **Факултет за економски науки**: 79 или 14,11% ( 69 студенти на прв и 10 студенти на втор циклус студии (4+1));
- **Факултет за информатика**: 48 студенти на прв циклус или 8,57%;
- **Факултет за арт и дизајн**: 77 студенти  или 13,75%, ( 72 студенти на прв и 5 студенти на втор циклус студии );
- **Факултет за правни науки**: 41 или 7,32%, ( 27 студенти на прв и 14 студенти на втор циклус студии(3+2));
- **Факултет за детективи и криминалистика**: 155 или 27,68% ( 135 студенти на прв и 20 студенти на втор циклус студии (4+1));
- **Факултет за стоматологија**: 160 или 28,57% ( 124 или 22.14% насока Стоматологија и 36 или 6.43% насока Забен техничар).

**Графикон 5:**



Како и претходната академска 2018/2019, така и оваа 2019/2020 година, најголем е бројот на запишани студенти на Факултетот за стоматологија со 29,09 % од вкупниот број на студенти, потоа следува Факултетот за детективи и криминалистика со 28,18 %, по него Факултетот за арт и дизајн со 14 %, Факултетот за економски науки со 12.54% и на крај Факултетот за информатика со 8,72 % и Факултетот за правни науки со 7,45 % од вкупниот број на студенти на Европски универзитет Скопје.

### 1.1 РЕЗУЛТАТИ ОД СТУДИРАЊЕТО

Во текот на учебната 2019/2020 година на Европски универзитет Скопје, дипломираа 141 студент, од кои 18 студенти или 12,76% на Факултетот за економски науки, 5 студенти или 3,54% на Факултетот за информатика, 16 студенти или 11,35% на Факултетот за арт и дизајн, 17 студенти или 12,06% на Факултетот за правни науки, 51 студент или 36,17% на Факултетот за детективи и криминалистика, 34 студенти или 24,12% на Факултетот за стоматологија, од кои 32 или 22.7% на насоката Стоматологија и 2 студенти или 1,42% на насока Забен техничар.

**Графикон 6:**



Бројот на дипломирани студенти во академската 2019/2020 споредбено со минатата 2018/2019 година, кога дипломираа вкупно 118 студенти, е зголемен за 23 студенти или 16%. Факултетот за економски науки, Факултетот за информатика, Факултетот за арт и и дизајн и Факултетот за стоматологија бележат намалување на бројот на дипломирани студенти во однос на минатата 2018/2019 година, за разлика од Факултетот за правни науки каде минатата година дипломираа 13 студенти, а оваа година 17 студенти, што е за 4 студенти или 23,5% повеќе во однос на минатата година. Бројот на дипломирани студенти и на Факултетот за детективи и криминалистика споредбено со минатата академска година е зголемен за 25 студенти или 49 % повеќе во однос на минатата година.

Во учебната 2019/2020 година на Европски универзитет Скопје, магистрираа вкупно 56 студенти, од кои 19 или 33,93% на Факултетот за економски науки, 7 или 12,5% на Факултетот за информатика, 15 или 26,78% на Факултетот за правни науки ( 12 или 21.43% се стекнаа со звање Магистер по право и 3 студенти или 5,35% на втор циклус стручни правни студии, стекнаа звање Дипломиран правник) и 15 студенти или 26,78% на Факултетот за детективи и криминалистика, од кои со стручниот назив Специјалист по безбедност се стекнаа 5 студенти или 8,93% и 10 студенти или 17,85% со звање Магистер за безбедност.

**Грфикон 7:**



Споредбено со ланската година (кога магистрираа вкупно 55 студенти), бројот на магистрирани студенти за оваа академска година е речиси идентичен, со разлика од само 1 студент повеќе во оваа година. Факултетот за економски науки бележи намалување на бројот на магистрирани студенти (3 студенти помалку) во однос на минатата година, додека пак Факултетот за информатика има 4 магистрирани студенти повеќе во однос на изминатата 2018/2019 академска година. На Факултетот за правни науки магистрирани се 8 студенти помалку во однос на минатата година, за разлика од Факултетот за детективи и криминалистика кој бележи 9 студенти повеќе. Факултетот за арт и дизајн втора година по ред нема магистрирани студенти.

## 2. НАСТАВА

Наставата во академската 2019/2020 година се одвиваше според следниот:

**УНИВЕРЗИТЕТСКИ КАЛЕНДАР**
**на активности и неработни денови во учебната 2019/2020 година**
**за I (прв) циклус и II (втор) циклус на студии (3+2 и 4+1)**

**за I (прв) циклус на студии**

### I. УЧЕБНАТА 2019/2020 ГОДИНА ЗАПОЧНУВА НА 01.10.2019 (ВТОРНИК)
**Свечено отворање на новата студиска година**

### II. НАСТАВАТА ЗАПОЧНУВА 01.10.2019 (вторник) ГОДИНА

| | |
|---|---|
| Времетраење на првиот (зимски) семестар | 01 Октомври 2019 – 14 Јануари 2020 |
| Времетраење на вториот (летен) семестар | 17 Февруари 2020 – 29 мај 2020 |

### III. КОЛОКВИУМИ – датуми за одржување на колоквиумските недели

| ПРВ (ЗИМСКИ) СЕМЕСТАР | 01 Октомври 2019 – 14 Јануари 2020 |
|---|---|
| ✓ Прв колоквиум | 11.11.2019 – 15.11.2019 |
| ✓ Втор колоквиум | 06.01.2020 - 10.01.2020 |
| **ВТОР (ЛЕТЕН) СЕМЕСТАР** | **17 Февруари 2020 – 29 мај 2020** |
| ✓ Прв колоквиум | 30.03.2020 – 03.04.2020<br>*Поместен за 01.06. – 05.06.2020 |
| ✓ Втор колоквиум | 25.05.2020- 29.05.2020<br>*Поместен за 15.06. – 19.06.2020 |

### IV. ИСПИТНИ СЕСИИ – датуми на одржување испитни сесии:[4]

| Испитна сесија | Датум |
|---|---|
| ✓ Септември | 09.09. 2019 - 27.09.2019 |
| ✓ Октомври | 07.10.2019 - 18.10.2019 |
| ✓ Ноември | 18.11.2019 - 29.11.2019 |
| ✓ Декември | 10.12.2019 – 20.12.2019 |
| ✓ Февруари | 17.02.2020 – 28.02.2020 |
| ✓ Март | 16.03.2020 – 27.03.2020 |
| ✓ Април | 13.04.2020 –30.04.2020 |
| ✓ Јуни | 15.06.2020 – 26.06.2020<br>*Поместена за 22.06. – 30.06.2020 |
| ✓ Септември | 07.09.2020 –25.09.2020 |

*Првиот и вториот колоквиум во летниот семестар беа поместени во јуни месец 2020 и се полагаа онлајн.
*Јунската испитната сесија се реализираше со променети датуми и се полагаше онлајн.

---

[4] **Пријавувањето на испитите започнува 14 дена пред почетокот на испитната сесија**

**за II (втор) циклус на студии (3+2 и 4+1)**

**I. АКАДЕМСКАТА 2019/2020 ГОДИНА ЗАПОЧНУВА НА 01.10.2019 година (вторник)**

**II. НАСТАВАТА ЗАПОЧНУВА НА 21.10.2019 (понеделник) ГОДИНА**

| | |
|---|---|
| Времетраење на првиот (зимски) семестар | 21 Октомври 2019–03Февруари 2020 |
| Времетраење на вториот (летен) семестар | 16 Март 2020 – 30 Јуни 2020 |

**III. КОЛОКВИУМИ – датуми за одржување на колоквиумските недели**

| **ПРВ (ЗИМСКИ) СЕМЕСТАР** | **21 Октомври 2019 – 03 Февруари 2020** |
|---|---|
| **21.10– 22.11. 2019** | **Настава, вежби, консултации** |
| ✓ Прв колоквиум | 25.11.2019 -29.11. 2019 |
| **02.12.2019 – 03.01.2020** | **Настава, вежби, консултации** |
| ✓ Втор колоквиум | 06.01.2020 – 10.01.2020<br>*08.01.2020 – 14.01.2020 |
| **13.01- 03.02.2020** | **Подготовка, одбрана стручни трудови, полагање испити, формирање завршна оцена** |
| **ВТОР (ЛЕТЕН) СЕМЕСТАР** | **16 Март – 30 Јуни 2020** |
| **16.03 – 20.04.2020** | **Настава, вежби, консултации** |
| ✓ Прв колоквиум | 21.04.2020– 24.04.2020 |
| **04.5 – 29.05.2020** | **Настава, вежби, консултации** |
| ✓ Втор колоквиум | 01.06.2018. – 05.06.2018 |
| **08.06 – 26.06.2020** | **Подготовка, одбрана стручни трудови, полагање испити, формирање завршна оцена** |

**IV. ИСПИТНИ СЕСИИ – датуми на одржување испитни сесии[5]:**

| **Испитна сесија** | **Датум** |
|---|---|
| ✓ Септември | 02.09. 2019 - 16.09.2019 |
| ✓ Октомври | 07.10.2019 - 21.10.2019 |
| ✓ Ноември | 18.11.2019 - 29.11.2019 |
| ✓ Декември | 09.12.2019 – 23.12.2019 |
| ✓ Февруари | 17.02.2020 – 28.02.2020 |
| ✓ Март | 16.03.2020 – 27.03.2020 |
| ✓ Април | 13.04.2020 –30.04.2020 |
| ✓ Јуни | 15.06.2020 – 30.06.2020<br>*Поместена за 22.06. – 30.06.2020 |
| ✓ Септември | 07.09.2020 –26.09.2020 |

*Јунската испитната сесија се реализираше со променети датуми и се полагаше онлајн.

[5]**Пријавувањето на испитите започнува 14 дена пред почетокот на испитната сесија**

## Неработни денови

## за академската 2019/2020 година

- **ВО 2019 ГОДИНА**

**За сите граѓани на РМ**

- 11 Октомври, Ден на народното востание
- 23 Октомври, Ден на македонската револуционерна борба
- 8 Декември, "Св. Климент Охридски"

**За граѓаните нод католичка вероисповед**

- 01 Ноември, Празникот на сите светци
- 25 Декември, првиот ден на Божик

**За граѓаните припадници на албанската заедница во РМ**

- 22 Ноември, Ден на Албанската азбука

**За граѓаните припадници на еврејската заедница во РМ**

- 19 Септември, Јом Кипур, првиот ден на Јом Кипур

**За За граѓаните припадници на бошњачката заедница во РМ**

- 28 Септември, Меѓународен ден на Бошњаците

**За граѓаните припадници на еврејската заедница во РМ**

- 21 Декември, Ден на настава на турски јазик

- **ВО 2020 ГОДИНА**

**За сите граѓани на РМ**

- 01 Јануари, Нова Година
- 07 Јануари, Божик
- 20 Април, Велигден, втор ден на Велигден
- 01 Мај, Ден на трудот
- 24 Мај, "Св. Кирил и Методиј" Ден на сесловенските просветители
- 24 Мај Рамазан Бајрам, прв ден на Рамазан Бајрам
- 02 Август, Ден на републиката
- 08 Септември, Ден на независноста

**За граѓаните на православната вероисповед**

- 06 Јануари, Бадник, ден пре Божик
- 19 Јануари, Богојавление (Водици)
- 17 Април, Велики Петок, петок пред Велигден
- 5 Јуни, Духовден, петок пред Духовден
- 28 Август, Успение на Пресвета Богородица (Голема Богородица)

**За граѓаните од католичка вероисповед**

- 13 Април, Велигден, вториот ден на Велигден

**За граѓаните од муслиманска вероисповед**

- 31 Јули, Курбан Бајрам, прв ден на Курбан Бајрам

**За граѓаните припадници на српската заедница на РМ**

- 27 Јануари, Свети Сава

**За граѓаните припадници на ромската заедница во РМ**

- 8 Април, Меѓународен ден на Ромите

**За граѓаните припадници на влашката заедница во РМ**

- 23 Мај, Национален ден на Власите

## 2.1 ФАКУЛТЕТИ ВО СОСТАВ НА ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ

### ➢ ФАКУЛТЕТ ЗА ЕКОНОМСКИ НАУКИ

Факултетот за економски науки при Европски универзитет Скопје постои веќе 19 години, сметајќи од неговата прва акредитација во 2001 година.

**Мисијата на Факултетот за економски науки** е да обезбеди високо квалитетно образование кое ќе ги подготви студентите за успешна професионална кариера во областите на менаџментот, финансиите, маркетингот и економијата воопшто.

**Главната цел на Факултетот за економски науки** е да обезбеди висок квалитет на образование кое ќе може да се поистовети со образованието кое го нудат најдобрите високообразовни институции во Европа, па и во светот. На студентите им е овозможена силна академска основа со пристап до различни знаења (од областа на финансиското работење, менаџмент и маркетинг техники) и тие се подготвуваат да бидат продуктивни, компетентни професионалци и одговорни граѓани во разновидната и динамична глобална средина.

**Поконкретни активности кои ги спроведува Факултетот** произлегуваат од зацртната мисија и цел, а се во согласност со Законот за високо образование се:

- ✓ Континуирано обезбедување на високо ниво на знаење како врвен приоритет на факултетот;
- ✓ Унапредување на образовниот процес и образовните активности;
- ✓ Изведување на научни и истражувачки активности ефективно;
- ✓ Имплементација на современите европски и интернационални образовни трендови;
- ✓ Пренесување на научни и стручни, знаења и вештини;
- ✓ Соработка со високообразовни институции и научни установи во земјата и во странство;
- ✓ Квалитетна евалуација според европските и интернационални стандарди.

Работата на Факултетот за економски науки во академската 2019/2020 година може да се оцени како успешна ако се земат во предвид неповолните и сложени услови во окружувањето во високото образование и нелојалната конкуренција од државните и другите приватни универзитети. Неповолната

состојба и оваа академска година се должи на состојбите во високото образование во Република Северна Македонија, кои се однесуваат на масовно зголемување на бројот на високообразовни институции, изразената нерамноправна положба помеѓу државните и приватните универзитети, како и нелојалната конкуренција помеѓу нив, но и помеѓу приватните универзитети.

Сепак, Факултетот за економски науки успеа да се оддржи и продолжи понатаму со понуда на квалитетно образование. Предностите на факултетот, во однос на конкурентните факултети се големи. Факултетот за економски науки ги задоволува високите академски, професионални и технички критериуми и услови за модерно студирање според европски стандарди, а негува еден целосно нов и поинаков пристап кон студентите и кон стекнувањето знаење. Научно-наставниот и соработничкиот кадар е посветен на студентите. Тие освен квалитетна настава и вежби, се здобиваат со широки знаења, остваруваат секојдневна комуникација со професорите, разменуваат знаења, мислења и идеи, имаат пристап до домашна и странска, најнова и популарна литература и четива, учествуваат во научни и истражувачки проекти и студираат во пријатно окружување.

Факултетот за економски науки, со цел задржување на високиот квалитет на образование и перформанси, и во иднина ќе се заложи за интензивирање на научно-истражувачката работа, учество на меѓународни конференции, заеднички меѓународни проекти, учество во дебати од областа на економијата и поблиска соработка со бизнис секторот заради полесно вклучување на студентите во општествениот живот на Република Северна Македонија.

- **ФАКУЛТЕТ ЗА АРТ И ДИЗАЈН**

Факултетот за арт и дизајн постои веќе цели 14 години (ја започнува петнаесетата) и се занимава со едуцирање на кадри од применетата уметност. Продуцира високообразовани кадри од областа на дизајнот на прв и втор циклус на студии од областите на графичкиот дизајн, модниот дизајн и дизајнот на ентериер. Факултетот е организиран како единствена организациона единица со три катедри и наставна програма во која преку изборни предмети на студентите им се овозможува потесна специјализација. За успешноста на својата досегашна

работа на Факултетот сведочат и големиот број награди и признанија кои во изминатите години ги добија студентите и нивните ментори.

Главни стратешки цели на Факултетот за арт и дизајн се:

- Усовршување на стандардите и критериумите во сите сегменти на настава со цел за подобрување на квалитетот;
- Етаблирање на услови за научно-истражувачка дејност во областа на теоријата и истражувачките аспекти на дизајнот;
- Прилагодување на наставните планови и програми на европските искуства и светските трендови во образованието;
- Активно спроведување на студентската практика преку партнерства со бројни компании и институции;
- Збогатување на настава со афирмирани и успешни професионалци од практиката;
- Создавање услови за интернационализација на Факултетот за арт и дизајн преку размена на студенти и наставници со сродни странски високообразовни институции.

Факултетот за арт и дизајн изгради препознатлив имиџ со модерен концепт на настава, кој освен академското пренесување на знаење вклучува и иновативни форми, актуелни и алтернативни облици на настава. Тоа се предавања на личности успешни и признати во својата област, реализација на студентски проекти, работилници, изложби, модни ревии. Во академската студиска година 2019/20 год. Факултетот за арт и дизајн заедно со целиот наставен кадар составен од професори, асистенти и демонстратори, максимално придонесоа за целосно реализирање на наставната програма и афирмација на факултетот. Природата на дејноста и јавниот карактер на дополнителните активности придонесуваат за целосно функционирање и збогатување на наставната програма на факултетот.

Работата во Академската 2019/20 година, особено во летниот семестар, беше обележана со светската пандемија со вирусот COVID-19, која беше прогласена од Светската здравствена организација на 11 март 2020 и сè уште трае. Најголем дел од наставата во летниот семестар се одвиваше на нов начин - преку онлајн платформи (без физичко присуство на студентите). Така се реализираа и двете колоквиумски

недели, како и јунската испитна сесија. Дел од одбраните на дипломските трудови се одвиваа со физичко присуство, а потоа продолжија да се одвиваат онлајн.

Меѓународната соработка е важен сегмент од работата на Факултетот, со посебен фокус на програмите на Еразмус+. Во Академската 2019/20 година активностите беа намалени заради светската пандемија, и беше реализирана само една Еразмус+ мобилност за професори. Во секој случај, беа направени нови контакти со универзитети и други организации. Продолжи комуникацијата и со Британскиот совет, Британската амбасада, Францускиот институт и други странските амбасади во земјата.

На 22 јануари 2020 заради други професионални обврски заврши наставниот ангажман на насловниот доцент м-р Дејан Ивановски, кој соработуваше со Факултетот од академската 2016/17 година. Беше ангажирана насловен доц. м-р Елена Филипоска како нов член на катедрата за дизајн на ентериер. Оваа година продолжи и ангажирањето на демонстратори од редот на студентите. Во оваа академска 2019/20 година, поточно на 02 март 2020 беше избран нов продекан на ФАД - доц. м-р Благојче Наумоски.

- **ФАКУЛТЕТ ЗА СТОМАТОЛОГИЈА**

Факултетот за стоматологија работи како единица во состав на Европски универзитет Скопје. Во академската 2019/2020 година се запиша 10 /десетта/ генерација студенти на Факултетот за стоматологија и 8 /осма/ генерација студенти на стручни студии на I /прв/ циклус забни техничари.

На Факултетот за стоматологија во академската 2019/2020 година, веќе 8 /осма/ година студираат студенти од Република Турција, а две години се изведува и акредитирана настава на англиски јазик. Наставата во оваа академска година се одвиваше комбинирано on-line и со физичко присуство, согласно Протоколите за заштита при пандемија, издадени од надлежните органи.

Факултетот за стоматологија своите наставни, научни, здравствени и истражувачки цели ги остварува во рамките на просторните, технолошките и административните услови на Европски универзитет Скопје и ПЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Проф д-р Бојо Андрески„.

Клиничкиот центар има склучено договор за соработка и со ЈЗУ - Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон„ Скопје.

Наставата на Факултетот за стоматологија се организира на повеќе наставни програми:

- Студентите по стоматологија од V до X семестар ја следат наставата согласно акредитирана студиска програма од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование (Решение бр. 15-149/7 од 23. 03. 2011 година);

- Студентите по стоматологија од I и II, III, IV семестар ја следат наставата согласно акредитирана студиска програма од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование (Решение бр.1409-235/2 од 16. 07. 2018 година).

На Факултетот за стоматологија се организираат и Стручни студии на прв циклус за забни техничари.

- Студентите на Високата школа за забни техничари од V до VI семестар наставата ја следат согласно акредитирана студиска програма од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование (Решение бр.15-5/3 од 07. 10. 2011 година);

- Студентите на Високата школа за забни техничари од I и II, III, IV наставата ја следат согласно акредитирана студиска програма од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование (Решение бр. 1409-234/2 од 16.07. 2018 година).

На Факултетот за стоматологија се организираат академски студии на англиски јазик од I /прв/ и II /втор/ циклус, интегрирани студии, во траење од 10 /десет/ семестри согласно Решението за акредитација бр.1409-383/4 18.03.2019 година.

Тргнувајќи од поставената основна цел на ЕУ Скопје да обезбеди квалитетно образование, еквивалентно на најдобрите образовни институции во Европа и во светот и врз основа на обрските кои произлегуваат од член 20 од Законот за високо образование („Сл.Весник на РМ" бр.82/18), Факултетот за стоматологија своите активности ги насочува кон организирање на квалитетна високообразовна, научно-истражувачка и применувачка високостручна дејност во студиското и научно-истражувачкото подрачје на стоматологијата, воведува современи европски и меѓународни образовни трендови, врши квалитетна евалуација според

европските и интернационални стандарди и остварува соработка со други високообразовни институции во земјата и во странство.

Со совладување на наставната програма на Факултетот за стоматологија при ЕУ Скопје, студентите ќе се стекнат со знаења и вештини и ќе се оспособат сигурно да ги презентираат стекнатите знаења во ефикасно решавање на актуелните стоматолошките проблеми, ефикасно да ги користат условите и времето за работа и ќе се оспособат за несебична тимска работа. Стекнатото знаење како и научените вештини заедно со професионалните ставови ќе му овозможат на докторот по стоматологија поголема самостојност и сигурност во идната работа.

Покрај грижата за едукацијата на студентите и грижата за едукација на дипломираните студенти како врвен приоритет на Факултетот за стоматологија е да води постојаната грижа за континуиран развој на факултетот и наставниот кадар преку користење на литература од сопствената библиотека опремена со читална и комплетна покриеност со мрежа на компјутери со слободен пристап на интернет за наставниците, соработниците и студентите.

Студиската програма на Факултетот за стоматологија се спроведува во согласност со Законот за високо образование, Универзитетскиот статут и правилниците на универзитетот.

Академските студии од интегрираните студии од I /прв/ и II /втор/ циклус на Факултетот за стоматологија при ЕУ Скопје се во траење од 10 /десет/ семестри, а се вреднувани со вкупно 300 ЕКТС бода, односно секој семестар е вреднуван со 30 ЕКТС бода.

Стручни студии на прв циклус за забни техничари при Факултетот за стоматологија се во траење од 6 /шест/ семестри, а се вреднувани со вкупно 180 ЕКТС бода, односно секој семестар е вреднуван со 30 ЕКТС бода.

Уписот на студенти на Факултетот за стоматологија и Стручните студии на прв циклус за забни техничари се врши по претходно објавен Конкурс за упис во кој детално се прецизирани условите за запишување и роковите за запишување на студенти.

Наставата се реализира низ разни облици на активна, интерактивна настава (теоретска настава, практична настава која се обавува на модели и

експериментални животни, семинарски трудови, проектни задачи, есеи, дискусии и др. ) и клиничка настава на пациенти.

Оценувањето на студентите е според Европскиот кредит - трансфер систем. За да се овозможи оптимално правилно вреднување на студентот воведена е редовна евиденција на секој наставен час и континуирано оценување според правилникот за оценување.

Според правилникот за оценување за предметите кои немаат претклиничка или клиничка апликативна практична настава студентот може да добие најмногу до 20 поени за редовност и активност на предавањата организирани во текот на академската година, најмногу до 10 поени за изработен стручен труд, најмногу до 10 поени за презентација на изработениот стручен труд и од најмалку 36 до најмногу 60 поени за успешно положени два колоквиуми.

За предметите кои по својата програма имаат задолжителна претклиничка или клиничка апликативна практична настава студентот може да добие најмногу до 12 поени за присуство на предавањата организирани во текот на академската година, најмногу до 3 поени за активност, од најмалку 12 до најмногу 20 поени за теоретска подготвеност и спремност за практичната настава и успешност во изработување на сите фази на изработките предвидени со програмата за практична настава. Теоретската подготвеност се оценува со најмалку 27 до најмногу 45 поени за успешно положени тестови на два колоквиуми и завршен испит до 20 поени.

Со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за стоматологија при ЕУ Скопје, утврдени се одредени предмети од предметната студиска програма, за кои да се полага завршен испит.

Завршен испит е истовремен практичен и усмен испит кој има за цел да му даде можност на наставникот да го оцени вкупното ниво на знаење со кое се стекнал студентот, во однос на: теоретска подготвеност, стручна компетентност, мануелна вештина, професионалност, комуникативност и др. Завршениот испит го спроведува наставникот.

Кредитите за овие предмети се доделуваат откако студентот успешно ќе го положи завршниот испит.

- **ФАКУЛТЕТ ЗА ДЕТЕКТИВИ И КРИМИНАЛИСТИКА**

Факултетот за детективи и криминалистика постои веќе цели 12 години, при што дава забележителен придонес во едуцирање на кадри од областа на приватната безбедност, криминалистиката и националната безбедност, на прв и втор циклус на студии. Во текот на своето постоење, Факултетот успеа да изгради препознатлив имиџ со еден модерен концепт на настава, кој освен академското пренесување на знаење вклучува и практични облици на настава. Тоа се предавања на познати експерти од областа на безбедноста, искусни оперативци од безбедносниот систем на нашата држава и пошироко. Современата наставна програма преку задолжителни и изборни предмети на студентите им овозможува потесна специјализација во областа на приватната безбедност, криминалистиката и националната безбедност.

Во академската година 2019/2020 година наставниот и соработничкиот кадар кои се во редовен работен однос, вклучително и визитинг професорите и наставниот кадар со насловно звање, преку континуирана академска и научна соработка и активности максимално придонесоа за целосно реализирање на наставната програма, афирмација на Факултетот на домашно и меѓународно ниво и подигнување на знаењето кај студентите.

Наставата на Факултетот за детективи и криминалистика подразбира успешно реализирање на наставната програма од 2019/2020 година предвидена и акредитирана од страна на Одборот за акредитација на високото образование и Министерството за образование и наука на Република Македонија. Наставата се одвиваше според претходно усвоен распоред за предавања и вежби од страна на Наставно-научниот совет на Факултетот за I /прв/ и II /втор/ циклус студии.

Наставничкиот и соработничкиот кадар своите обврски ги извршуваше според однапред утврден распоред на предмети и број на часови во текот на годината, во зимскиот и летниот семестар. Во предметната академска година, наставата се одвиваше по една студиска програма на четири годишни студии и една студиска програма на едногодишни студии. Наставата се одвиваше во просторни услови како дел од просториите на целиот универзитет.

Во улебната 2019/2020 година се изведуваше настава во I /прва/, II /втора/, III /трета/ и IV /четврта/ година (од циклусот запишани студенти од четири

годишната програма) и настава од II /втор/ циклус на студии, според модулот 4+1.

### ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ

Факултетот за правни науки како единица во состав на Европски универзитет Скопје функционира и и ја извршува својата дејност почнувајќи од академската 2007/2008 година.

Мисијата на Факултетот за правни науки, како дел од системот на институции кои не само што подготвуваат кадри, туку и битно влијаат на професионалноста и квалитетот на законодавството, структурата на апаратот на јавната администрација, а посебно на правосудниот систем е, да обезбеди висок квалитет во образованието од областа на правото, еднакво на најдобрите образовни институции во Европа и во светот. Преку примена на највисоките стандарди, факултетот обезбедува запознавање со суштинскиот концепт на правото, негово усвојување од страна на студентите, ја развива нивната креативност и ги подготвува за практична примена на прописите.

Преку првиот циклус на студии кои траат три години, студентите се стекнуваат со звањето правник, а во вториот циклус на студии можат да изберат да се специјализираат во потесната правничка професија, добивајќи го звањето дипломиран правник. Оние кои ќе изберат да ги продолжат студиите на втор циклус (120 кредити) и кои успешно ќе ги завршат, се стекнуваат со звањето магистер по право во областа за која се определиле.

Кредит трансфер системот на овие студии и нивната висока компатибилност со студиите од овој вид во европските и светските центри на наука, им овозможува на студентите трансфер на универзитетите ширум светот.

Факултетот за правни науки започна со работа врз основа на Решението бр. 5462/2 на Министерството за образование и наука,

На I циклус на студии има една студиска програма:

1) Правни студии од I /прв/ циклус (додипломски правни студии во траење од три години, 180 кредити).

На II /втор/циклус на студии има две студиски програми:

1) Стручни правни студии од втор циклус кои содржат најмалку 60 кредити;

2) Правни студииод втор циклус кои содржат 120 кредити (последипломски стручни студии).

Активностите на Факултетот за правни науки се спроведуваат во согласност со Законот за високо образование, како и во согласност со Статутот на Универзитетот, правилниците за работа и другите акти и позитивните правни прописи.

Наставата се планираше во согласност со предвидената наставна програма, како на I /прв/циклус студии, така и на II /втор/ циклус на студии. Во 2019/2020 година функционираа следниве насоки на Факултетот за правни науки и тоа:

- I /прв/ циклус студии - насока Правни студии (само втора и трета година);
- II /втор/ циклус – Правни студии од втор циклус кои содржат 120 кредити (само петта година).

Студентите кои се запишаа во прва студиска година, по завршување на три годишните студиите се стекнуваат со стручниот назив: **правник.**

Студентите запишани на втор циклус студии во академската 2014/2015 година по завршување на постдипломските стручни студии и одбрана на магистерскиот труд се стекнуваат со звање: **магистер по право**.

Уписот на студенти во академската 2019/2020 година се изврши врз основа на конкурсот за упис, распишан од страна на Ректорската управа на ЕУ Скопје, согласно Законот за високото образование, објавен во дневните весници.

## ➢ ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА

Факултетот за информатика како дел од Европскиот универзитет Скопје беше акредитиран во јуни 2005 година. Тој подготвува дипломирани инженери по информатика со познавања од повеќе области: програмирање, системско инженерство, компјутерски мрежи и комуникации, бази на податоци, мултимедија и компјутерска графика.

Мисијата на Факултетот за информатика е да го негува академскиот успех и да создаде стручни лица кои ќе можат да одговорат на потребите на општеството во оваа област, како и индивидуи способни да го следат натамошниот динамичен развој на первазивната информатичка технологија. Во согласност со тоа,

Факултетот нуди модерни наставни програми сообразени со највисоките европски стандарди, како и најсовремени лабораториии, училници и амфитеатри.

Софистициранaта опрема вклучува сервери, работни станици (вклучително и Apple Macintosh), системи за електронско учење и други наставни помагала кои овозможуваат одржување на квалитетна теориска и практична настава со квалитетни асистенти и демонстратори. Факултетот има Campus agreement со софтверскиот гигант Microsoft, па целокупниот софтвер кој се користи е лиценциран. Студентот е срцето на Факултетот, а секојдневна грижа на наставниците и асистентите се токму студентите и нивниот успех во положувањето на испитите.

| | | | ПР | ВЕ | ПР | ВЕ | | |
| 1 | OS | Оперативни системи | 30 | 45 | 2 | 3 | 8 | 240 |
| 2 | OOPRG | Објектно-ориентирано програмирање | 30 | 45 | 2 | 3 | 8 | 240 |
| 3 | COARH | Архитектура на компјутери | 30 | 45 | 2 | 3 | 8 | 240 |
| **Еден изборен предмет:** | | | | | | | | |
| 1 | SMOD* | Системско моделирање | 30 | 45 | 2 | 3 | 6 | 180 |
| 2 | CGR&V ** | Компјутерска графика и визуелизација | 30 | 45 | 2 | 3 | 6 | 180 |
| Вкупно | | | 120 | 180 | 8 | 12 | 30 | 900 |

**IV семестар**

| **Р.Бр.** | **Код на Курсот** | **Назив на предмет** | **Часови** | | **Неделен фонд на часови** | | **ЕКТС** | **Оптова-реност** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | ПР | ВЕ | ПР | ВЕ | | |
| 1 | DB | Бази на податоци | 30 | 45 | 2 | 3 | 9 | 270 |
| 2 | CONET | Компјутерски мрежи | 30 | 45 | 2 | 3 | 9 | 270 |
| **Два изборни предмети од следните три:** | | | | | | | | |
| 1 | DSALG | Податочни структури и алгоритми | 30 | 60 | 2 | 4 | 6 | 180 |
| 2 | ALS* | Администрација на Linux системи | 30 | 30 | 2 | 2 | 6 | 180 |
| 3 | TCHVP** | Техники на визуелно програмирање | 30 | 30 | 2 | 2 | 6 | 180 |
| Вкупно | | | 120 | 180 | 8 | 12 | 30 | 900 |

**III година**
**V семестар**

| **Р.Бр.** | **Код на Курсот** | **Назив на предмет** | **Часови** | | **Неделен фонд на часови** | | **ЕКТС** | **Оптова-реност** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | ПР | ВЕ | ПР | ВЕ | | |
| 1 | INSE | Вовед во софтверско инженерство | 30 | 45 | 2 | 3 | 9 | 270 |
| 2 | NETP | Мрежни протоколи | 30 | 45 | 2 | 3 | 9 | 270 |
| **Два изборни предмети од следните три:** | | | | | | | | |
| 1 | WEBAS | Веб апликативен софтвер | 30 | 45 | 2 | 3 | 6 | 180 |
| 2 | NOS* | Мрежни оперативни системи | 30 | 45 | 2 | 3 | 6 | 180 |
| 3 | RPIT** | Случајни процеси и теорија на информации | 30 | 45 | 2 | 3 | 6 | 180 |
| Вкупно | | | 120 | 180 | 8 | 12 | 30 | 900 |

**VI семестар**

| **Р.Бр.** | **Код на Курсот** | **Назив на предмет** | **Часови** | | **Неделен фонд на часови** | | **ЕКТС** | **Оптова-реност** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | ПР | ВЕ | ПР | ВЕ | | |
| 1 | SEIS | Безбедност на информациони системи | 30 | 45 | 2 | 3 | 9 | 270 |
| 2 | MM | Мултимедија | 30 | 45 | 2 | 3 | 9 | 270 |
| **Два изборни предмети:** | | | | | | | | |
| 1 | OPRSC | Операциони истражувања | 30 | 45 | 2 | 3 | 6 | 180 |
| 2 | PCNET* | Проектирање на компјутерски мрежи | 30 | 45 | 2 | 3 | 6 | 180 |
| 3 | A&A** | Алгоритми и автомати | 30 | 45 | 2 | 3 | 6 | 180 |
| Вкупно | | | 120 | 180 | 8 | 12 | 30 | 900 |

**IV -година**
**VII семестар**

| **Р.Бр.** | **Код на Курсот** | **Назив на предмет** | **Часови** | | **Неделен фонд на часови** | | **ЕКТС** | **Оптова-реност** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | ПР | ВЕ | ПР | ВЕ | | |
| 1 | ADB | Напредни бази на податоци | 30 | 45 | 2 | 3 | 8 | 240 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2 | DCOSYS | Дистрибуирани компјутерски системи | 30 | 45 | 2 | 3 | 8 | 240 |
| Два изборни предмети: | | | | | | | | |
| 3 | PIS | Проектирање на информациски системи | 30 | 45 | 2 | 3 | 8 | 240 |
| 1 | WIFIN* | Безжични мрежи | 30 | 45 | 2 | 3 | 6 | 180 |
| 2 | QTSS** | Квалитет и тестирање на софтвер | 30 | 45 | 2 | 3 | 6 | 180 |
| Вкупно | | | 120 | 180 | 8 | 12 | 30 | 900 |

**VIII семестар**

| **Р.Бр.** | **Код на Курсот** | **Назив на предмет** | **Часови** | | **Неделен фонд на часови** | | **ЕКТС** | **Оптова-реност** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | ПР | ВЕ | ПР | ВЕ | | |
| 1 | PRMNG | Проектен менаџмент | 30 | 45 | 2 | 3 | 8 | 240 |
| 2 | PREC | Препознавање на облици | 30 | 45 | 2 | 3 | 8 | 240 |
| **Еден изборен предмет:** | | | | | | | | |
| 1 | DC* | Податочни комуникации | 30 | 45 | 2 | 3 | 6 | 180 |
| 2 | A&VR** | Анимации, виртуелна реалност | 30 | 45 | 2 | 3 | 6 | 180 |
| Пријава изработка и одбрана на дипломска работа | | | | | | | 8 | 240 |
| Вкупно | | | 120 | 135 | 8 | 9 | 30 | 900 |

Напомена: Специјалистичко образование од две области на информатиката:
- **Компјутерски мрежи и комуникации** (со избор на предмет од секој семестар означен со една ѕвездичка *) и
- **Софтверско инжeнерство, програмирање, и мултимедија** (со избор на предмет од секој семестар означен со две ѕвездички **).

По завршување на четврта година и одбрана на дипломска работа , студентот се стекнува со диплома ДИПЛОМИРАН ИНФОРМАТИЧАР во областа на Компјутерски мрежи и комуникации или во областа на Софтверско инжињерство, програмирање, и мултимедија, со вкупно 240 ЕКТС.

## 4. ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

Издавачката дејност е важна за Европскиот универзитет Скопје, Наставно-научниот кадар прави напори да им обезбеди на студентите литература со информации од најновите достигнувања и познавања од областа. Учебниците и учебните помагала се многу битни за студентите, не само од аспект на стекнување знаење и информации туку и продлабочување на аналитичките способности, смислата за критика, подобро и појасно изразување на студентите, како и препознавање на актуелностите во одредената област која се проучува.

### 4.1. СПИСОК НА ИЗДАДЕНИ УЧЕБНИЦИ

#### ФАКУЛТЕТ ЗА ЕКОНОМСКИ НАУКИ

Издавачката дејност е важна за Факултетот за економски науки, а нставно-научниот кадар прави напори да им обезбеди на студентите литература со информации од најновите достигнувања и познавања од областа. Учебниците и учебните помагала се многу битни за студентите, не само од аспект на стекнување знаење и информации, туку и продлабочување на аналитичките способности, смислата за критика, подобро и појасно изразување на студентите, како и препознавање на актуелностите во одредената област која што се проучува.

Во учебната 2019/2020 година од печат излегоа следните изданија на универзитетски учебници и учебни помагала:

Публикувани универзитетски учебници во академската 2019/20:

- Проф. д-р Елизабета Стамевска, Strategic management and Circular economy, (ISBN 978-608-4574-89-7 on line), ЕРАЗМУС+ проект, Факултет за економски науки, Европски универзитет Скопје, Јануари 2020.
- Проф. д-р Лидија Наумовска, Managerial Economics and Business models for Circular Economy (ISBN 978-608-4574-90-3), ЕРАЗМУС+ проект, Факултет за економски науки, Европски универзитет Скопје, Јануари 2020.

**ФАКУЛТЕТ ЗА АРТ И ДИЗАЈН**

На Факултетот за арт и дизајн во оваа академска **2019/20** година се реализираа авторизирани предавања од предметите во прв циклус, Ваквите авторизирани предавања изработени од страна на наставниот кадар на ФАД се направени со цел да се збогатат и надополнат знаењата на студентите по наведените предмети од студиската програма за академската **2019/20** година. Сите авторизирани предавања што ги користат студентите се печатат во боја, заради поголема визуелна ефикасност што ја налага спецификата на областа што ја студираат.

Наставниот кадар учествуваше со свои трудови и дела во изданијата на меѓународното списание за наука и уметност „ИДЕЈА“.




**ФАКУЛТЕТ ЗА СТОМАТОЛОГИЈА**

Во академската 2019/2020 година излегоа во печат следните изданија на универзитетски учебници и учебни помагала:

**Проф. д-р Славјанка Оџаклиевска**

Реставративна одонтологија 1 (авторизирани предавања), 2019/20

Реставративна одонтологија 2 (авторизирани предавања), 2019/20

**Проф д-р Крсте Дејаноски**

Анатомија на вилици и заби (авторизирани предавања), 2019/20

Заботехнички материјали (авторизирани предавања), 2019/20

Дентална естетика (авторизирани предавања), 2019/20

Гнатологија (авторизирани предавања), 2019/20

Изработка на скелетирана парцијална протеза, (авторизирани предавања), 2019/20

Дентофацијална естетика (авторизирани предавања), 2019/20

Избирање и поставување на заби за тотална протеза (авторизирани предавања), 2019/20

Вилично лицева протетика (авторизирани предавања), 2019/20

**Проф д-р Оливера Саракинова**

Превентивна стоматологија (авторизирани предавања), 2019/20

Детска стоматологија 1 (авторизирани предавања), 2019/20

Детска стоматологија 1 (авторизирани предавања), 2019/20

Дентална трауматологија (авторизирани предавања), 2019/20.

**С. Ивиќ-Колевска, М. Стаменковска**, **Практикум по микробиологија и имунологија за студентите по стоматологија "**, (рецензирано учебно помагало), 2020 година, Факултет за стоматологија, Европски Универзитет. Скопје.

## ФАКУЛТЕТ ЗА ДЕТЕКТИВИ И КРИМИНАЛИСТИКА

Издавачката дејност на Факултетот за детективи и криминалистика се реализира во рамките на регулативата на ЕУ Скопје, при што се настојува со новите изданија да се збогатат и надополнат знаењата на студентите по наведените предмети од студиската програма за академската 2019/20 година.

## ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ

Практично за сите предмети во текот на академската година, и за прв и за втор циклус, беа подготвени или се користеа веќе подготвени соодветни учебници и учебни помагала.

Во облик на учебници беа задржани изданијата кои се користеа во изминатите академски години, додека во вид на авторизирани предавања – учебни помагала за другите предмети.

Со прифатливи учебници и учебни помагала беа обезбедени сите предмети од првиот циклус на студии, како и сите предмети од вториот циклус студии кои се одвиваа според моделот 3+2.

## Список на учебници на Факултетот

| **Автор** | **Наслов на учебникот** | **Година** |
|---|---|---|
| Проф.д-р Живко Андревски | Вовед во политичките науки | 2014 |
| Проф.д-р Живко Андревски | Политички систем | 2014 |
| Проф.д-р Живко Андревски | Методологија | 2014 |
| Проф.д-р Иван Бимбиловски | Вовед во правото | 2014 |
| Проф.д-р Иван Бимбиловски | Уставно право | 2014 |
| Колективен труд | Социологија на правото | 2014 |
| Проф. д-р Викторија Кафеџиска | Меѓународно јавно право | 2014 |
| Проф. д-р Викторија Кафеџиска | Граѓанско процесно право | 2014 |
| Доц.д-р Билјана Тодорова | Меѓународно трговско право | 2014 |
| Доц.д-р Билјана Тодорова | Трудово право | 2014 |
| Доц.д-р Билјана Тодорова | Трговско право | 2014 |
| Проф.д-р Слободан Шајноски | Управно процесно право | 2014 |
| Проф.д-р Слободан Шајноски | Стварно право | 2014 |
| Проф.д-р Слободан Шајноски | Меѓународно приватно право | 2014 |
| Проф.д-р Слободан Шајноски | Право на индустриска сопственост | 2014 |

## 5. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Европскиот универзитет Скопје во академската 2019/2020 година беше домаќин на **Десеттата Меѓународна научна конференција** со наслов: „Патот кон успехот – иновација, интеракција и имлементација", која се одржа на ден 25.09.2020 година, организирана од страна на Факултетот за стоматологија во состав на Европски универзитет Скопје.

На конференцијата учествуваа експерти од сите области на науката и уметноста, стоматолози, лекари, биолози, екологисти, социолози, економисти, уметници, дизајнери, информатичари, технолози, машински инженери, претставници од бизнис секторот, претприемачи, претставници на владини и невладини организации, претставници на религиозни заедници, универзитетски професори, асистенти и студенти. Дел од учесниците конференцијата ја следеа on-line, а своите трудови ги презентираа преку платформата ZOOM.

Целта на конференцијата беше да се поттикнат научните и истражувачките работници од различните образовни институции, бизнис заедницата, владиниот и невладиниот сектор да ги разменат нивните најнови сознанија и практични искуства во врска со создавањето на нови технологии, нови начини на работа, процеси, услуги, иновативни техники, случувања, ажурирања и достигнувања од сите сфери на науката.

На **Десеттата Меѓународна научна конференција** со наслов: „Патот кон успехот – иновација, интеракција и имлементација", презентирани беа 11 /единаесет/ трудови.



Факултетоте во состав на Универзитетот продолжуваат со активно учество во реализацијата на проекти финансирани од Европската унија, во рамките на програмата Еразмус+.

## 5.1 ИЗДАДЕНИ НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКИ ТРУДОВИ

### ФАКУЛТЕТ ЗА ЕКОНОМСКИ НАУКИ

Наставно-научниот кадар, вклучително и соработничкиот кадар од Факултетот за економски науки активно учествуваше со свои трудови, презентации, дебати на конференциите оддржани при Европски Универзитет Скопје. Посебно радува податокот дека поголем број студенти од факултетот учествуваа на меѓународни научни конференции и проекти со сопствени трудови и излагања. Наставно-научниот и соработнички кадар на Факултетот за економски науки со свои трудови учествуваше и на поголем број меѓународни конференции оддржани во други земји, во публикации и научни списанија.

Факултетот за економски науки продолжува со активно учество во реализацијата на проекти финансирани од Европската унија, во рамките на програмата Еразмус+.

На 09.01.2020 година на Европскиот универзитет Скопје се одржа Финалната конференција за циркуларна економија на тема **„Како да размислиш, намалиш, реупотребиш и рециклираш“**.

Конференцијата е дел од двегодишниот проект „Онлајн магистерски студии за циркуларна економија“ финансиран од програмата Erazmus+ на Европска Унија, а спроведен од Европски универзитет Скопје и ПСМ Фондација од Македонија, Универзитетот за применети науки од Латвија, Зелена Инфраструктура од Хрватска, Факултетот за комерцијални и деловни науки од Словенија.

Дел од меѓународниот проектен тим се: проф. д-р Елизабета Стамевска, проф. д-р Билјана Андреска Богдановска и асс. м-р Верица Најдовска и асс. м-р Верица Неделковска.

Во продоложение е листа на објавени трудови на наставничкиот и соработнички кадар од Факултетот за економски науки на конференции и во научни списанија:

**<u>Редовен професор д-р Александра Станковска</u>**

1. Cybercrime and money laundering in 21 century, Scientific journal „Economics and Management“, VOL. XVII, № 1, South - West University „Neofit Rilski“, Blagoevgrad, Bulgarija, 2020, pp.81-89 (co-author's paper).

2. Principles of the circular economy, Scientific journal „Economics and Management", VOL. XVII, № 1, South - West University „Neofit Rilski", Blagoevgrad, Bulgarija, 2020, pp.99-108 (co-author's paper).

3. THE FUTURE OF FINANCIAL INNOVATIONS , X Меѓународна научна конференција: „Патот кон успехот - Иновација, интеракција, имплементација" Европски Универзитет Скопје, 25.09.2020, Скопје, Р.С.Македонија

**<u>Вонреден професор д-р Елизабета Стамевска</u>**

1) Иновациите - двигатели на претприемништвото, X Меѓународна научна конференција: „Патот кон успехот - Иновација, интеракција, имплементација" Европски Универзитет Скопје, 25.09.2020, Скопје, Р.С.Македонија.

2) Етичките аспекти на работењето и успешноста на компаниите, X Меѓународна научна конференција: „Патот кон успехот - Иновација, интеракција, имплементација", Европски Универзитет Скопје, 25.09.2020, Скопје, Р.С.Македонија.

3) Decisions and skills of the strategic leaders, Scientific journal „Economics and Management", VOL. XVII, № 1, South - West University „Neofit Rilski", Blagoevgrad, Bulgarija, 2020, pp.140-147 (co-author's paper).

4) Principles of the circular economy, Scientific journal „Economics and Management", VOL. XVII, № 1, South - West University „Neofit Rilski", Blagoevgrad, Bulgarija, 2020, pp.99-108 (co-author's paper).

5) Cybercrime and money laundering in 21 century, Scientific journal „Economics and Management", VOL. XVII, № 1, South - West University „Neofit Rilski", Blagoevgrad, Bulgarija, 2020, pp.81-89 (co-author's paper).
6) „Социјалната инклузија на младите преку пазарот на труд", UDC: 364.652-053.6:331.5(497.7), International Journal of Science and Art „Idea", No.6, European University-RM, Skopje, Macedonia, 2019, стр.9-17 (коавторски труд).

7) „Индивидуална и колективна инклузија во општеството", UDC: 364.652-053.6:331.5(497.7), International Journal of Science and Art „Idea", No.6, European University-RM, Skopje, Macedonia, 2019, стр.17-23 (коавторски труд).

Учество во научно-истражувачки проекти во академската 2019/20:
1) „Циркуларна економија", ЕРАЗМУС + програма, Член на научно - истражувачкиот тим, Факултет за економски науки, ЕУРМ, Скопје, 2017-2020

**<u>Вонреден професор д-р Зоран Јолевски</u>**

**Учество на меѓународни конференции**

1. The International Forum of China Road and Human Destiny Community, Zoran Jolevski, Timely Opening of the Economy and Wise Change Management and, as Conditions for Economic Prosperity of the People's Republic of China , 24-26.11.2019 Нингбо, Кина, организатори Chinese Academy of Social Sciences и Ningbo University, The Western Balkans between Hope and Reality
2. Zoran Jolevski, The Challenge of Reconciliation, 3.12.2019, Брисел, организатор Friends of Europe

**Доц. д-р Зоран Крстевски**

1.Индивидуална и колективна инклузија во општеството доц.д-р Зоран Крстевски, проф. д-р Елизабета Стамевска, UDC: 364.652-053.6:331.5(497.7), International Journal of Science and Art „Idea", No.6, European University-RM, Skopje, Macedonia, 2019, стр17-23 (коавторски труд).

2.Социјалната инклузија на младите преку пазарот на труд", UDC: 364.652-053.6:331.5(497.7), International Journal of Science and Art „Idea", No.6, European University-RM, Skopje, Macedonia, 2019, стр.9-17 (коавторски труд).

3.Иновациите - двигатели на претприемништвото, X Меѓународна научна конференција: ,,Патот кон успехот - Иновација, интеракција, имплементација" Европски Универзитет Скопје, 25.09.2020, Скопје, Р.С.Македонија.

4. Етичките аспекти на работењето и успешноста на компаниите, X Меѓународна научна конференција: ,,Патот кон успехот - Иновација, интеракција, имплементација", Европски Универзитет Скопје, 25.09.2020, Скопје, Р.С.Македонија.

**Проф д-р Савица Димитриеска**

1. Prof. D-r Savica Dimitrieska M.Sc Tanja Efremova 'Women in Advertising", Economics and Management, Volume XVII, Issue 1/2020, p. 164

2. Prof. D-r Savica Dimitrieska M.Sc Tanja Efremova, The Flower of Services and Its Efficiency in the Banking Sector", Entrepreneurship, Issue 1/2020
3. Prof. D-r Savica Dimitrieska M.Sc Tanja Efremova, "Building a Global Luxury Brand, IDEA, International Journal Of Science and Arts, 2019, vol.3, issue 5, 37, ISSN 2545-4560

**Учество во научно- истражувачи проекти**

Prof. Savica Dimitrieska , ERASMUS+ Programme, Staff Mobility For Teaching, KA 107 Lecture: "Importance of Colors in Marketing", 20-24 May 2019, Universum College, Prishtina, Kosovo

**Асс. м-р Верица Неделковска**

"The Impact of Music on Increasing Work Productivity"
Msc.VericaNedelkovsk, Economics & Management - Journal for Economics and Management Science of Faculty of Economics – South -Western University – Blagoevgrad, ISSN: 2367-7600; 1312-594XVolume:XVI,Issue:2,Year:2019,pp.25-30

Учество во научно-истражувачки проекти во академската 2019/20:

1) „Циркуларна економија", ЕРАЗМУС + програма, Член на научно - истражувачкиот тим, Факултет за економски науки, ЕУРМ, Скопје, 2017-2020

**Асс. м-р Верица Најдовска**

1.Verica Najdovska, M.Sc, Prof. Katarina Brockova PhD "Business challenges of globalization – the impact of inclusive marketing on brand loyalty of Generation Y consumers", Celje, Slovenija, 2019, Eight international scientific conference entitled-Knowledge and business challenges of globalisation in 2019

2. Snezana Obednikovska, PhDKosta Sotiroski PhD Full Time Prof., Verica Najdovska, M.Sc Teaching assistant JEL:C81, C83, D12, M21, M31, M37 Social Educational Project of Improving Knowledge in Economics, Journal SEPIKE Edition 24, e-ISSN: 2372-7438: Journal Association 1901 SEPIKE, US Edition, 30/06/2019, Influence of Integrated Marketing communication on building brand awareness of macro, small and medium-sized enterprises in the Republic of North Macedonia

Учество во научно-истражувачки проекти во академската 2019/20:

1. „Циркуларна економија", ЕРАЗМУС + програма, Член на научно - истражувачкиот тим, Факултет за економски науки, ЕУРМ, Скопје, 2017-2020
2. Erasmus+ Programme , Kay Action 103, Mobility for learners and staff-Higher Education Student and Staff Mobility between programme countries 2017/2019/2020/2021
3. International Credit Mobility, Erasmus+ Programme , Kay Action 107 , Mobility for learners and staff-Higher Education Student and Staff Mobility between partner countries 2017/2019/2020/2012

## ФАКУЛТЕТ ЗА АРТ И ДИЗАЈН

**Презентирани / Објавени трудови на наставниот кадар во 2019/20:**

Проф. м-р Маја Ѓуреска, проф. м-р Зоран Ѓурески: „**Инклузијата на лицата со попреченост во процесот на селекција и купување на облека и модни додатоци во Република С. Македонија**" во меѓународното списание за наука и уметност „ИДЕЈА".

Prof. Hristijan Sanev, MA, **INVISIBLE TOUCHES**, меѓународно списание за наука и уметност „ИДЕЈА".

Проф. д-р Стојанка Манева – Чупоска – Јана, **ТИ НЕ СИ САМ**, меѓународно списание за наука и уметност „ИДЕЈА".

Проф. д-р Гордана Вренцоска, **EVERYONE**, меѓународно списание за наука и уметност „ИДЕЈА".

Проф. м-р Маја Ѓуреска, Антонија Гугинска Росица Колева, Елена Бојаџиева, **ВО МОИТЕ ЧЕВЛИ/IN MY SHOES** меѓународно списание за наука и уметност „ИДЕЈА".

Проф. д-р Јана Манева Чупоска, **“CLOTHING AS A UNIQUE SOCIAL AND IDENTITY CODE“** во организација на Факултетот за дизајн во Херсон, Украина.

Проф. д-р Иванка Апостолова, објавена научна авторска книга/еКнига:

**Антропологија изкушње в гледалишчу / Антропологија на искуството во театарот** (на словенечки јазик), ISBN. 978-608-66217-5-9. Издавачи Македонски центар ИТИ/ПРОДУКЦИЈА.

**<u>Учества во научни конференции:</u>**

Проф. д-р Гордана Вренцоска, “**Fight for evolution, fight for design education**”, меѓународна конференција Fight for Beauty, Latvian College of Culture, 26.11.2019

Проф. д-р Јана Манева Чупоска, **“CLOTHING AS A UNIQUE SOCIAL AND IDENTITY CODE“** во организација на Факултетот за дизајн во Херсон, Украина.

Проф. д-р Иванка Апостолова, презентација на 10-тата меѓународна конференција на Европски универзитет, со труд: **Иновациите во современите изведувачки уметности (фокус на сценографијата во современиот театар и перформанс)**, 25 септември 2020

Асс. м-р Ангелина Спировска – Муковска, учество на 10-та Меѓународна научна конференција „Патот кон успехот – иновација, интеракција, имплементација“ со делото „**Виртуелна фасцинација**“,25 септември 2020

Асс. м-р Ангелина Спировска – Муковска, учество на меѓународна конференција со наслов „**Preserving significant cultural heritage sites and promoting intercultural diversity**“ во Пеќ, Косово

## 5.2. СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА АРТ И ДИЗАЈН

Во академската **2019/20 година** Факултетот за арт и дизанј имаше голем број на активности и проекти во рамките на наставната програма и вон-наставни активности. Изложбите, предавањата, учествата во конкурси, конференциите, резултираа со признанија кои факултетот ги доби оваа академска година. Како и секоја година, Факултетот за арт и дизајн е препознатлив по организирање и претставување на студентските трудови изработени во целата академска година.

**<u>Изложба на студентски плакати за сеќавање на Холокаусот</u>**

**<u>Ноември 2019 – Јануари 2020</u>**

Учество во студентскиот конкурс за дизајн на плакат под мотото „Сеќавање на холокаустот – никогаш и никому да не се повтори“ за 75 годишнината, во организација на Министерството за надворешни работи и Меморијалниот центар на холокаустот на Евреите во Скопје. Од Факултетот за арт и дизајн на изложбата се претставија со свои дела 11 студенти.

**Награди:**

**Првата награда** ја доби студентката на втор циклус на Факултетот за арт и дизајн Снежана Давиткова.

**Трета награда** добија студентот од трета година Наум Секуловски и студентот на втор циклус Ветон Арифи. За наградите одлучуваше комисија предводена од Академик Газанфер Бајрам. Изложбата ја отвори и наградите ги врачи Британската амбасадорка Н.Е. Рејчел Галовеј, во присуство на дипломатскиот кор, академици, политичари, професори и студенти. На отворањето присуствуваа и проф. д-р Бојо Андрески и Елица Андреска од Управниот одбор на Европскиот универзитет, професори и студенти од ЕУРМ.

Учеството на студентите од Факултетот за арт и дизајн беше под менторство на Деканот проф. д-р Гордана Вренцоска, која е и професор на предметот Дизајн на плакат, а во организацијата/реализацијата на активноста беа вклучени и проф. д-р Јана Манева - Чупоска, доц. м-р Благојче Наумоски и асс. м-р Ангелина Спировска – Мукоска.





**<u>Студентска модна ревија 2020 „ДИФУЗИЈА (DIFFUSION)“</u>**

Март 2020 (Откажана)

Како и секоја година, така и оваа, беше подготвувано учеството на студентите по моден дизајн на Моден викенд Скопје. Темата на традиционалната студентска модна ревија на Факултетот за арт и дизајн при оваа година се повикуваше на главното мото на Модниот викенд “TIME TO SHINE” и е со наслов DIFFUSION (дифузија – распрскување, распрострнаување, ширење, разлевање. Тимот на катедрата за моден дизајн: проф. д -р Стојанка Манева- Чупоска , проф. д-р Гордана Вренцоска, проф. м-р Маја Ѓуреска, уметнички дизајнер Елена Макаровска, демонстратор Искра Младеновска и техничко лице – Гордана Божиновска направи неколку состаноци и консултации со студентите, кои започнаа со работа на своите проекти. Модната ревија беше закажана за 21 март. По добивањето на известувањето дека Модниот викенд Скопје нема да се одржи, ревијата беше откажана.

**eКнига и дигитална изложба на Театарски и танцови плакати**

Март – мај 2020

Проектот беше реализиран како соработка помеѓу Факултетот за арт и дизајн и Македонскиот центар на ИТИ/ПРОДУКЦИЈА. Иницијативата беше на вон. проф. д-р Иванка Апостолова, а во него учествуваа студентите од прва и втора година. Во реализацијата беа вклучени и проф. д-р Гордана Вренцоска, асс. м-р Ангелина Спировска Муковска и Елена Макаровска. Во книгата која беше издадена беа прикажани 22 плакати.

**ДИГИТАЛНА ИЗЛОЖБА на студентите на Факултетот за арт и дизајн**

Јули-септември 2020

Заради неможноста за организирање на настани во 2020, Наставно-научниот совет донесе одлука за трансформирање на Годишната изложба во Дигитална изложба.

Дигиталните урнеци за презентирање на делата ги подготви доц. м-р Иван Дургутовски.

На изложбата учествуваа голем број студенти од прв и втор циклус на насоките графички дизајн, моден дизајн и дизајн на ентериер, и ги претставуваат резултатите од практичната настава од предметите во студиската програма, дипломските трудови, како и делата од реализираните вон-наставни проекти, под менторство на своите професори и асистенти: проф. д-р Гордана Вренцоска, проф. д-р Стојанка Манева - Чупоска, доц. м-р Благојче Наумоски, проф. м-р Зоран Ѓуресκи, проф. м-р Маја Ѓуреска, проф. д-р Иванка Апостолова, доц. м-р Иван Дургутовски, доц. м-р Страхил Петровски, доц. м-р Елена Филиповска, асс. м-р Ангелина Спировска Муковска, Елена Макаровска, Ветон Арифи, Искра Младеновска. Видео најава за изложбата подготви деканката на Факултетот за арт и дизајн проф. д-р Гордана Вренцоска.

Изложбата беше поставена во форма на албум на Фејбук страницата на Европскиот универзитет, и имаше забележителна посета и одзив на гледачите.












**Посета на изложби**

**Национална галерија на Македонија:** Јубилејната изложба на дела од "30 год. Галичката ликовна колонија"

Изложба "Мустаќлии"

Изложба на Страхил Петровски "Еха од иднината"

Изложба на дела од колекцијата на НГМ;

**Меморијален центар на Холокаустот на Евреите:** Изложба на постојана поставка

**Музеј на Македонија:** Изложба „Африка во Македонија";

**МАНУ** - Изложба на дела, плакати/постери изработени од студентите на Факултетот за Арт и дизајн по повод денот на Холокаустот;

**Музеј на Современета уметност – Скопје**: Изложба " Panic Room " или "Скок во мислењето".

## ФАКУЛТЕТ ЗА СТОМАТОЛОГИЈА

Факултетот за стоматологија во состав на Европски универзитет Скопје, ја развива својата научно-истражувачката активност преку учество со трудови на наставниот и соработничкиот кадар, на научни и стручни манифестации во земјата и странство.

Во академската 2019/20 година, на домашни и странски научни и стручни собири, се објавени следните трудови:

1. Ана Белазелковска- Грежловска. Предвидување на прогресијата на пародонталната болест преку примена на методи за проценка на ризик.IDEA Int. J. Sci. Arts. 3(2019)5: 237-244.

2.Емилија Костадиновска. **Микропропустливоста и јачината на врската кај композитните материјали со примена на различни техники на апликација.** Докторска дисертација."Универзитет Св. Кирил и Методиј"-Стоматолошки факултет, Скопје, 2019.

3. Rendzova . Apostolska S. **Kostadinovska E.** Antanasova M. Eftimovska M. Petkov M. Ristoska S. Pavlevska M. Evulation of bond strength of one steo and tow steps self-etch adhesive agents with two different pulp-capping materials. Stomatoloski glasnik Srbije 2020 Volume 67, Issue 2, Pages:75-82. https://doi.org/10.2298/SGS2002075R

4. M. Мирчевска. ***Ефикасноста на три ендодонтски системи при конвенционален ендодонтски ретретман***. Докторска дисертација. 2020, Стоматолошки факултет УКИМ;

5. Marijana Mircheska, Vera Stojanovska, Enis Redzep, Lidija Popovska. ***Evaluation of apical extrusion during conventional retreatment with three endodontic systems***", Balkan Journal of Dental Medicine, vol.24, 2020 ISSN 2335-0245;

6. М.Стаменковска. **Влијание на монокарбонилните куркумински деривати врз хиперреактивноста на дишните патишта предизвикана од хипероксија кај неонатални стаорци. Докторска дисертација,** Природно-математички факултет, Институт за биологија, 2020 Скопје,

7. M. Stamenkovska, Q. Thaçi, N. Hadzi-Petrushevet al., **"Curcumin analogs (B2BrBC and C66) supplementation attenuates airway hyperreactivity and promote airway relaxation in neonatal rats exposed to hyperoxia"**, *Physiol Rep.*, 2020;8:e14555. https://doi.org/10.14814/phy2.14555

8. М. Стаменковска, **„Примена на куркуминот и неговите деривати во менаџментот на кардиоваскуларните заболувања"** - ревијален труд, *IDEA, Int. J. Sci. Arts*. 3(2019)6:131-138.

9. M. Stamenenkovska, **"Use of curcumin and its derivates in prevention and treatment of hyperoxia-derived respiratory diseases in preterm infants: a summary review",***New knowledge Journal of science*, 8(2019)3:104-110.

10. M. Stamenkovska, **"Medicinal use of turmeric plant (Curcuma Longa L.) through history and modern phytopharmacy"**, *Македонско меѓународно списание за маркетинг*, бр. 10, 2019 година, Скопје, U. D. C. број: 582.548.27:615.322.

11. M. Stamenkovska, **"Bronchopulmonary dysplasia: A summary review of its mechanisms and pathophysiology"**, *Македонско меѓународно списание за маркетинг*, бр. 11, 2020 година, Скопје, U. D. C. број:616.233/.24-007.17-092.

12. М. Стаменковска, Д. Јошева, А. Омерагиќ. **„Анализирање на влакна и коса и нивното значење во форензичкатанаука"**,*Зборник одМеѓународна научнаи стручна конференција:„Реформата на националниот безбедносен системвоконтекст на НАТО и ЕУ интеграцијата"*, 2020 година, Скопје.

13. Pop Stefanova-Trposka M. Dental anxiety and stress in orthodontic patients. Book of abstracts 3rd congress of BAOS and 4th of MOS, Ohrid, 2019:25.

14. Petkovski B, Pop Stefanova-Trposka M, Dimitroska S. Multidisciplinary approach in treating hypodontic case – case report. Book of abstracts 3rd congress of BAOS and 4th of MOS, Ohrid, 2019:104.

15.MircheskaM., StojanovskaV., RedzepiI., PopovskaL.Evaluation of Apical Extrusion during Conventional Retreatment with Three Endodontic Systems.Balk J Dent Med, 2020;16-21

16.МуратовскаИ.,Стојановска В.,Петков М. Соодносот помеѓу кариогени бактерии при длабок кариес и натриум хипоклорид и антибактерискиот мономер како антисептици.JAADE,2020;44

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДЕТЕКТИВИ И КРИМИНАЛИСТИКА**

**Доц. д-р Александар Нацев**

**Учество на домашни и меѓународни конференции**:

1. Robert Schuman Institute Program "How Europe Works" 2019 – Vienna, Brussels
2. YATA Germany "NATO's Future Seminar 2019" – Berlin

**Објавени трудови**

1. А. Нацев, М. Богданоски (2019), *Родово базирано насилство во семејството – Теории и пристапи кон домашното насилство,* 9та Меѓународна научна конференција, Европски Универзитет, Скопје
2. А. Нацев, Д. Богатинов (2020), *NATO's Next Strategic Concept – An effective way forward,* 10та Меѓународна научна конференција, Европски Универзитет, Скопје
3. А. Нацев, Д. Богатинов (2020), *Security benefits of implementing the HTTPS protocol and review of its use in state institutions websites,* 10та Меѓународна научна конференција, Европски Универзитет, Скопје

**Проф. д-р Марјан Богданоски**

**Објавени трудови**

1. М. Богданоски, А. Нацев (2019), *Родово базирано насилство во семејството – Теории и пристапи кон домашното насилство,* 9та Меѓународна научна конференција, Европски Универзитет, Скопје

**Доц д-р Елена Соклевска Илиевски**

**Објавени трудови**

1. Soklevska, I.E., Kostovski, Ž., Stankovska, Z. (2020). Multivariate analysis on variance of specific - motor abilities in karate competitors and representatives. XXIV International scientific Conference KNOWLEDGE WITHOUT BORDERS, Vrnjacka Banja, Vol.38 No 6, 1519-1524, Global Impact Factor 1.822.

## ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ

Професорите и соработниците на Факултетот за правни науки активно учествува на Десетата меѓународна научна конференција, што ја организираше Европски универзитет Скопје, со свои прилози и презентации(кои се наведени кај конкретните автори), но и како членови на Програмскиот одбор и Организациониот одбор и како рецензенти на дел од трудовите на конференцијата.

Врз основа на одлуката на Ректорската управа на ЕУ Скопје, професорите и соработниците на факултетот се активираа во конципирањето, оформувањето и подготовката на новиот број на меѓународното научно списание, IDEA.

Во текот на учебната 2019/2020 година, наставниците и соработниците од Факултетот за правни науки иницираа работа на научно – истражувачки проект под наслов „Културата на облекување и правните норми"Активностите беа концентирани на подготовка на Концептот на проектот и подготовка на уводната студија.

**Научни трудови**

**Доц. д-р Марјан Габеров**

1. Марјан Габеров, "Значењето на Европската Конвенција за заштита на човековите права во борбата со семејното насилство", ИДЕА, Европски Универзитет, Скопје, септември 2020
2. Марјан Габеров, "Правото на здравје во услови на вонредна состојба", Правдико, Скопје, јануари, 2020

**Проф. д-р Ѓорѓи Сламков**

1. Gjorgi Slamkov, Zoran Filipovski, „ The role of the whistleblowers in the fight against corruption",„Vision" International Scientific Journal, Volume 4, Issue 2, December 2019, p. 63 – 86,
2. Gjorgi Slamkov, Vasko Stamevski „New mechanisms for prevention of corruption in the financing of political parties in order to strengthen democratic society" , Европски Универзитет – Скопје, септември 2020),

3. Васко Стамевски, Ѓорги Сламков, „Некои аспекти на етиологијата на криминалот на злоупотреба на власта“ (Европски Универзитет, септември 2020)

**Асс. М-р Виолета Паунковска**

1. Виолета Паунковска, ,,Меѓународен сојуз за успешност против пандемија’’, Конференција „ПАТОТ КОН УСПЕХОТ - ИНОВАЦИЈА, ИНТЕРАКЦИЈА, ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА“ на Европски Универзитет, Скопје, (Европски Унивезитет, септември 2020)

**Асс. М-р Ебру Ибиш**

1. Ебру Ибиш, Pink Collar Crime – International University of Travnik, ISBN 2490-2268, 2019
2. Ебру Ибиш, Превенција на малолетничкиот криминалитет. Асоцијација за корпоративна безбедност ISBN 978-608-65953-9-5, 2020
3. Ебру Ибиш, Лета Барџиева Миовска - Динамика на криминалитетот кај полнолетните лица во Република Северна Македонија со посебен осврт кон кривичните дела против државата и вооружените сили во периодот од 2013-2017 година.- ИДЕА меѓународно списание за наука и уметност, 2020
4. Љупчо Сотироски, Ебру Ибиш- Врсничката медијација и програмите за превенција на малолетничка деликвенција. - ИДЕА меѓународно списание за наука и уметност, 2020

## ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА

Во текот на академската 2019/2020 година Факултетот за информатика разви богата научно-истражувачка дејност. Во прилог следи листа на позначајни објавени трудови во научни часописи, како и трудови презентирани на меѓународни конференции во Република Македонија и надвор од неа.

| **Реден број** | **Автори** | ***Наслов на трудот*** | **Меѓународен журнал/ конференција и година** |
|---|---|---|---|
| | Anis Sefidanoski, Zoran Gacovski, Emilija Kamceva | “E-learning System based on Recommendations , implemented in Matlab” | *MILCON '19 International Scientific Conference, Skopje, Dec 11, 2019* |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Anis Sefidanoski, Mohammad Hassan | “OCR FOR THE MACEDONIAN ALPHABET” | *IX International Scientific Conference "The New Paradigms of Inclusive Society" publication description, Skopje, 2019* |
| | Gacovski Z., A. Sefidanoski, S. Jakimovski | “ICT applied as Assistive technology for Impaired people” | *Proc. of IX Idea Conference, European University, Skopje, 2019* |
| | Igor Bimbiloski, Valentin Rakovic, Aleksandar Risteski, Anis Sefidanoski | “Competitive Game Theory Approach of Energy Efficiency ICT Model in Multiplayer Market" | *IEEE EUROCON 2019, Novi Sad, 2019* |
| | Anis Sefidanoski, Risto Hristov, Borko Hristov | *“Телестоматоло гија базирана врз напредни информациско-комуникациски технологии”* | *Десетта меѓународна научна конференција, Скопје, 2020* |
| | Risto Hristov, Anis Sefidanoski, Borko Hristov | “Применети апликации на стоматолошката информатика во денталната медицина” | *Десетта меѓународна научна конференција, Скопје, 2020* |
| | Igor Lazov | "A methodology for revenue analysis of parking lots" | *Networks & Spatial Economics*, Springer, vol. 19, issue: 1, pp. 177-198, March 2019. (JCR IF: 2.084) |

**НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ – РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ**

Во текот на 2019 и 2020 година - претставници од Факултетот за информатика беа вклучени во следниве научно-истражувачки проекти:

***ProjectID: Erasmus+ CIRCECO,* 2018-1-MK01-KA203-035392**

*Наслов:* Креирање Онлајн Мастер Студиска Програма за Циркуларна Економија

*Период*: Јануари 2019 - Ноември 2019.

*Опис:* Проектот опфаќа активности спроведени од 5 институции (високо-образовни и не-владини) за креирање на Онлајн Мастер Студиска Програма за Циркуларна Економија. Проектните партнери доаѓаат од 4 држави: Македонија, Летонија, Хрватска и Словенија.

Учесници од Факултет за информатика:

- Проф. д-р Зоран Гацовски
- Доц. д-р Анис Сефиданоски

Задача на Факултетот за Информатика е да креира и одржува веб страница на проектот, а потоа и онлајн платформа за електронско учење, што ќе ги поддржи сите курсеви (предмети) понудени од студиската програма. Платформата ќе овозможи дефинирање на курсевите и нивните атрибути (кредити, оптовареност исл.), поставување на материјали за учење (е-книги, слајдови, видеа), поставување на соопштенија, форуми, комуникација со студенти итн.

## 5. ПРАКТИЧНА РАБОТА НА СТУДЕНТИТЕ

### ФАКУЛТЕТ ЗА ЕКОНОМСКИ НАУКИ

Врската меѓу теоретските познавања и практиката веќе повеќе години се воспоставува преку Центарот за кариера кој им обезбедува практична работа на студентите во реномирани компании и институции. Исто така, студентите, преку клиничката настава, имаат можност директно да добијат информации од познати и признати експерти од областа.

Во продолжение следува Извештајот за практичната работа на студентите и активностите на Центарот за кариера за академската 2019/2020 година, подготвен од Лектор Марија Драговиќ.

**Извештај за практична работа на студентите во академската 2019/2020 година на Факултетот за економски науки**

Согласно најновите законски решенија за задолжителна едномесечна практика на студентите и согласно интерните акти на нашиот Универзитет, а воедно поаѓајќи од оправданоста и корисноста од обавување на практична работа на студентите, во почетокот на септември 2019 година, преку Центарот за кариера беа испратени писма до околу 50 компании, финансиски институции, министерства, државни установи и приватни компании. Најчесто практикуван облик на комуникација со компаниите и организациите беше доставувањето на писма, телефонски и електронски комуникации, посета на некои од овие организации и други форми на соработка и комуникација.

Контактираните институции беа запознаени за нашата потреба и можност од изведување на практична обука на студентите, понудени беа контакти со нашиот Факултет за економски науки и беа замолени во најкраток можен рок да одговорат за нашата понуда и молба и да се идентификуваат организационите делови, односно лицата со кои ќе се одвива комуникацијата во текот на целата академска 2019/2020 учебна година.

На списокот од фирми и институции се најдоа речиси сите потенцијални установи од кои нашите студенти можат содржински, регуларно и квалитетно да ја изведуваат практичната работа.

Во текот на академската 2019/2020 година, студентите покажаа висок степен на заинтересираност за изведување на практичната обука и тоа низ повеќе форми: со пријавување во центарот за кариера, со самоиницијативност за наоѓање на институции во кои би ја изведувале практичната работа, со уредно исполнување на административните работи, како што се добивањето упатница, оправдувањето за отсуството од настава и вежби, со документирање за изведената практична обука и препорака за нивно идно вработување.

Според информациите со кои располагаа студентите за изведување практична работа во текот на учебната 2019/2020 година во Центарот за кариера при Факултетот за економски науки се пријавиле (и во согласност со можностите за прифаќање од страна на компаниите и институциите, а според нивните конкретни одговори и договарање со Центарот за кариера) практична обука обавиле вкупно 30 студенти. Дел од нив веќе ги имаат доставено и изработените задачи во соодветните тетратки (упати).

Од прегледот на реализирана практична работа може да се констатира дека таа најчесто се изведувала во банки, фирми, консалтинг и маркетинг агенции, сметководствени бироа, финансиски организации, државни институции итн. Согласно пропишаната постапка за обавување на пракса, сите институции во кои студентите изведуваа практична обука на практикантите им издадоа валидни потврди за времето во кое ја изведувале практиката, што беше основа за регулирање на отсуствата на студентите од наставата и вежбите.

Особено за пофалба е да се напомене дека од ниту една институција за студентите од нашиот факлултет немаше забелешки или друг вид приговори за однесувањето на нашите студенти во однос на обврските што ги имаа во соодветните институции, ниту за односот спрема вработените и имотот на институциите. Од поголем број компании, организации и институции се искажани мошне позитивни оценки за знаењето на нашите студенти, за нивното одговорно однесување и за нивните квалитети и како идни стручњаци и како луѓе.

Треба да се напомене и дека поголем број од студентите се во редовен работен однос, па тоа е и една од причината за малиот број на практиканти. Статистички може слободно да се потенцира дека на големо задоволство, извесен број наши студенти се задржани во институциите каде што изведувале практична

работа заради остварување натамошна соработка и вработување со сите пропишани законски права и обврски.

**ФАКУЛТЕТ ЗА АРТ И ДИЗАЈН**

Врската меѓу теоретските познавања и практиката веќе повеќе години се воспоставува преку Центарот за кариера кој им обезбедува практична работа на студентите во реномирани компании и институции. Студентите имаат можност директно да добијат информации од познати и признати експерти од областа. Ваквите форми на едукација овозможуваат стекнување на искуства надвор од задолжителната студиска програма која ја спроведува Факултетот за арт и дизајн. Во академската 2019/20 година продоложи соработката со неколку партнери кои ги отворија вратите на нашите студенти за стажирање и стекнување на практично искуство.

**Студентска пракса**

Во текот на учебната 2019/2020 година на Факултетот за арт и дизајн задолжителна пракса посетуваа студенти од трета и четврта година на прв циклус, како и студенти од петта година на втор циклус. За да се избегне преклопување на праксата со посетувањето на редовната настава, најголем дел од студентите го користат летниот распуст за посетување на праксата. Фирмите во кои се спроведува праксата се дел од соработничката мрежа на факултетот како и лични контакти на студентите. Дел од фирмите во кои се реализирала праксата се: Елена Лука (Скопје), Ателје Кокев (Скопје), Печатница „Ложуров" (Штип), Доган Дизајн, Деспина Мебел (Кавадарци), Мебел 2000 (Струмица), ИнтерМебел (Струмица), Јавна соба (Скопје), Поинтер (Скопје), Галерија Остен (Скопје), Национална галерија на Македонија (Скопје), ВИА Маркетинг (Скопје), Културно-информативен центар – Скопје, ДЛУМ (Скопје), Т-Мобиле, Академија Леонтиќ и други.

Студентите од првата и втората година според ЗВО немаа задолжителна пракса.

Одвивањето на студентската пракса во оваа академска година беше проблематично заради отежнувањето на работните процеси во компаниите со Ковид-19.

## ФАКУЛТЕТ ЗА СТОМАТОЛОГИЈА

### Практична настава на студентите

Претклиничката практична настава по стручните стоматолошки предмети, се реализира во сопствени лаборатории во кои се обезбедени сите потребни апарати и средства за моделирање со гипс и восок, и средства за светлосна полимеризација, комплетен материјал и прибор за изработка на тотални акрилатни протези и комплетен материјал и прибор за изработка на дентални реставрации.

Практичната настава по претклиничките (институтски) општо медицински предмети се изведува во сопствени лаборатории опремени со потребните апарати, инструменти, материјал потребен за реализација на вежбите и бројни надгледни средства ( визуелни и електронски ).

Клиничката практична настава од полето на стоматологијата се изведуваа на клиниките во ПЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Проф д-р Бојо Андревски „ Скопје.

Техничката опременост и ангажираноста на сите вработении на Факултетот за стоматологија и ПЗУ-Универзитетски стоматолошки клинички центар „Проф д-р Бојо Андревски„ Скопје, во потполност му овозможуваат на секој студент самостојно да ја совлада предвидената програма и да се стекне со потребните мануелни вештини,а сето тоа ќе овозможи квалитетно и ефикасно студирање што ќе доведе до продукција на квалитетни доктори стоматолози.

## ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ

Практичната настава на Факултетот за правни науки, генерално се одвива во рамките на наставата, пред сè, на вежбите по соодветните предмети. Исто така, за студентите од погорните години, се организараа посети во институциите на правосудниот систем.Задолжителна практична настава за студентите во сите студиски години во институции, адвокатски канцеларии и други форми на организирање, како што е Заедницата на единиците на локалната самоуправа на РСМ, Институтот за промовирање сообраќајна култура и др.

Опширен извештај е подготвен и ќе биде составен дел на извештајот за работата на Центарот за кариера на ниво на Европски Универзитет.

Исто така, во текот на академската 2019/2020 година нашите студенти учествуваа и на меѓународни семинари. Наставата се одвиваше без застои и губење на часови.

## 7. КЛИНИЧКА НАСТАВА

### ФАКУЛТЕТ ЗА СТОМАТОЛОГИЈА

Претклиничката практична настава по стручните стоматолошки предмети, се реализира во сопствени лаборатории во кои се обезбедени сите потребни апарати и средства за моделирање со гипс и восок, и средства за светлосна полимеризација, комплетен материјал и прибор за изработка на тотални акрилатни протези и комплетен материјал и прибор за изработка на дентални реставрации.

Практичната настава по претклиничките ( институтски ) општо медицински предмети се изведува во сопствени лаборатории опремени со потребните апарати, инструменти, материјал потребен за реализација на вежбите и бројни надгледни средства ( визуелни и електронски ).

Клиничката практична настава од полето на стоматологијата се изведуваа на клиниките во ПЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Проф д-р Бојо Андревски „ Скопје.

Техничката опременост и ангажираноста на сите вработении на Факултетот за стоматологија и ПЗУ-Универзитетски стоматолошки клинички центар „Проф д-р Бојо Андревски„ Скопје, во потполност му овозможуваат на секој студент самостојно да ја совлада предвидената програма и да се стекне со потребните мануелни вештини,а сето тоа ќе овозможи квалитетно и ефикасно студирање што ќе доведе до продукција на квалитетни доктори стоматолози.

## 8. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во академската 2019/2020 година Универзитетот оствари значајна меѓународна соработка која во основа беше насочена кон привлекување на странски студенти од повеќе земји во светот. Меѓународната соработка беше насочена и кон потпишување договори за соработка со странски универзитети и организации.

### ФАКУЛТЕТ ЗА АРТ И ДИЗАЈН

Меѓународната соработка се одвиваше според планираните активности во зимскиот семестар. Деканот проф. д-р Гордана Вренцоска во рамки на потпишаниот Еразмус+ договор за соработка со **Latvia Culture College (Колеџ за култура на Латвија, Рига)**, престојуваше во Рига во ноември 2019, на покана на координаторот за Еразмус на Колеџот Кристиана Тумена;

Во рамки на програмата на престојот беа реализирани активности со студентите на ексклузивниот моден настан Meringue што се одржа на 25 ноември, во салата Hanzas Perons. На овој настан имавме прилика да претставиме пет модни креации на студентите по моден дизајн Данијела Савиќ, Христијан Младеновски, Фазиле Халили, Стефанија Станковска и Амине Мехдију, од последната факултетска ревија "Ив Сен Лорен и јас". Со свое излагање “Fight for evolution, fight for design education” проф. д-р Гордана Вренцоска учествуваше и на меѓународната конференција Fight for Beauty (Битка за убавина) која студентите и кадарот на Колеџот ја организираа на 26 ноември. На 27 ноември таа одржа предавање наменето за студентите, со наслов: „Fashion between commercial and conceptual: possible mechanisms for overcoming the dualism”.

Настаните беа одлично медиумски покриени во Латвија, а исто така беше направена и објава на ФБ страната на ЕУРМ.

 

Во летниот семестар, заради состојбата со Covid-19 и отежнатоста на меѓународните патувања, најголем дел од меѓународните активности не се реализираа. Планираните мобилности на студентите и доц. м-р Благојче Наумоски на Akademia Sztuki w Szczecinie (Академија за уметности во Шчечин, Полска), како и на проф. м-р Маја Ѓуреска и ум. соработник Елена Макаровска немаа можност за реализација. Имаше заинтересирани студенти за мобилност/пракса на Европскиот универзитет од Колеџот за култура во Латвија, но немаше безбедни услови за тоа.

По препорака на д-р Ѓоко Муратовски, директор на Школата за дизајн при Универзитетот во Синсинати, и на покана на проф. Даниеле Вајлд од Универзитетот на Јужна Данска, проф. д-р Гордана Вренцоска стана член на меѓународниот тим за проектот „COST Action bid on first-person perspective research through design“, кој е во фаза на апликација за фондовите на Европската унија.

## ФАКУЛТЕТ ЗА СТОМАТОЛОГИЈА

Факултетот за стоматологија има остварено и е во контакт, покрај факултетите за стоматологија во републиката и со факултети од странство, кој треба да направи договори за соработка како: Стоматолошкиот факултет во Софија, Стоматолошкиот факултет во Белград, Стоматолошкиот факултет во Ниш, Стоматолошкиот факултет во Софија, приватниот Стоматолошкиот факултет во Панчево и Стоматолошкиот факултет во Љубљана.

Факултетот за стоматологија во состав на ЕУ Скопје има соработка и со факултети од други универзитети преку договорите што ги има воспоставено ЕУ Скопје на ниво на универзитети.

Во рамките на ERAZMUS програмата во 2019/20 не се оствари размена на студенти ниту на наставен кадар поради Covid 19 пандемијата.

**ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ**

Дел од наставничкиот и соработничкиот кадар учествуваше на меѓународни семинари, во повеќе различни својства. Учеството на меѓународни семинари во секој случај придонесува за етаблирање и промоција на ФПН и ЕУ во пошироки размери, како и за усовршување на наставниот и соработничкиот кадар, што во крајна линија, повторно оди во полза за самата институција, бидејќи квалитетот на кадарот е битен фактор при одлучувањето на кандидатите на кој универзитет ќе го продолжат своето образование.

## 9. ПРОМОЦИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

### ФАКУЛТЕТ ЗА ЕКОНОМСКИ НАУКИ

Факултетот за економски науки, заедно со другите факултети во рамките на Европски универзитет користи повеќе алатки за сопствена промоција.

Еден од начините за промоција и поинтензивна размена на информации со студентите и сите заинтересирани корисници е веб страницата: eurm.edu.mk. На страницата се презентирани активностите на Универзитетот. На страницата можат да се најдат информации за акредитациите на програмите, правилниците и законите за студирање, издадени публикации, галерии и видео презентации. Студентите, преку веб страницата можат да се запознаат со студиските програми, наставничко-соработничкиот кадар, календари и распореди за настава, вежби, колквиуми, испити. Заинтересираните студенти, вклучително и странски, лесно можат да пристапат кон условите за студирање, објавените конкурси, обуките кои ги нуди Универзитетот.

На социјалните мрежи, Европски универзитет Скопје е присутен на Facebook, Twitter, Youtube.

Наставничко-соработничкиот кадар на Факултетот за економски науки го претставуваше и промовираше Европскиот универзитет во средните училишта, на матурантите како целна група за запишување на факултет.Во рамките на Универзитетот ссе формираше оделение за Маркетинг преку кое се реализираше промоцијата на Универзитетот  во поголемите средни училишта во Скопје, но и во другите градови во Македонија. Учениците од средните училишта беа информирани за  можностите за студирање кои ги нуди Европскиот универзитет, бројот на факултетите, наставните програми, годините на студирање, акредитацијата и валидноста на дипломите, центарот за кариера и можностите за вработување.

За промоција, во текот на оваа учебна година, се реализираа и промотивни корпоративни активности. Имено, промоции беа реализирани низ сите банки во општините во Скопје мали и големи компании, министерства, синдикати. Целната група беа заинересирани потенцијални студенти за втор циклус студии. Беа испратени и бројни електронски писма до компаниите во Македонија со презентација на условите за студирање и наставните програми.

Исто така вработените на Факултетот за економски науки редовно дистрибуираше рекламен материјал по домаќинствата и компаниите заради поголема видловост и промоција на Универзитетот.

### ФАКУЛТЕТ ЗА АРТ И ДИЗАЈН

**Промотивните активности** се препознатлив начин на работа на Факултетот за арт и дизајн. Универзитетот и Факултетот за арт и дизајн беа промовирани со проектите и успесите кои се резултат на тимското работење на наставниот кадар составен од професори и асистенти. Освен проектите, тимот е задолжен и за дизајн на реклами, флаери, плакати, логоа, новогодишни честитки. Оваа година најголем дел од овие активностите беа доверени на доц. м-р Иван Дургутовски, со насоки и координација на проф. д-р Гордана Вренцоска.

Во рамки на промотивните активности беа направени интервјуа на студенти по моден дизајн во Fashionel.mk со координација на проф. д-р Јана Манева - Чупоска, интервјуа на алумните м-р Иван Дургутовски и Катерина Трпковска во Вечер и на веб страната на ЕУ-СК, а имаше и објави во социјалните медиуми ФБ и Инстаграм за поважните случувања на ФАД.





**ФАКУЛТЕТ ЗА ДЕТЕКТИВИ И КРИМИНАЛИСТИКА**

**Промоцијата** како активност е препознатлив начин на работа на Факултетот за детективи и криминалистика во една академска година. Универзитетот и Факултетот за детективи и криминалистика беше целосно промовиран со многуте активности кои се резултат на тимското работење на наставниот кадар составен од професори и асистенти. Проектите во форма на семинари, работилници се во функција на промотивни кампањи за Универзитетот.

Вработените на ФДК беа активно вклучени во реализација на Стратегијата на ЕУ Скопје за промоција, при што посетија средни училишта во Скопје, дел од внатрешноста на државата, како и бројни министерства, правни лица и компании.

Поради ваквиот начин на промоција со сите горенаведени предходни форми на презентација, Факултетот за детективи и криминалистика го градеше својот позитивен имиџ и стана препознатлив во јавноста.

## 10. АКТИВНОСТИ НА НАСТАВНИЦИТЕ И СОРАБОТНИЦИТЕ

Активностите на наставниците и соработниците на Универзитетот се одвиваа согласно студиските програми и обврските што произлегуваат од нив, како и според одлуките на надлежните органи во рамките на Универзитетот (Универзитетскиот сенат, Ректорската управа на Универзитетот и Наставно-научните совети на факултетите).

Во изведувањето на наставата дел од наставниците од одделни факултети покриваа настава на други факултети во рамките на универзитетот.

### 10.1 АКТИВНОСТИ НА НАСТАВНИОТ КАДАР

#### ФАКУЛТЕТ ЗА ЕКОНОМСКИ НАУКИ

Факултетот за економски науки во текот на академската 2019/2020, ги одржа следните работилници:

1. Работилница на тема: „Позитивен начин на размислување како пат кон среќно и хармонично живеење„ одржана  на ден 02.11.2019 година, од страна на доц. д-р Зоран Крстевски. Гостин на предавањето беше проф. д-р Кирил Темков;
2. Работилница на тема: ,,Како да се заштитиме од негативни енергии, луѓе, коментари и влијанија" одржана на ден 08.10.2019 од доц. д-р Зоран Крстевски;
3. Работилница на тема: ,,Со позитивен став до подобро јас"од 13.10.2019 година – доц. д.р Зоран Крстевски;
4. Доц. Д-р Зоран Крстевски одржа и работилница на тема: ,,Како да постигнеме мир со себе и да ја излекуваме душата"на ден 22.10.2019 година.

Во однос на неформалното образование, во период од 01 јуни до 20 септември 2020 година, (секоја среда), доц. д-р Зоран Крстевски одржуваше on-line работилница: видео серијалот ,,**СТРЕС МЕНАЏМЕНТ СО ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ**" на следните содржини: Соочување со последици (23.09.2020); Однос кон минатото; Однос кон самите себеси; Ослободување; Непотребни

грижи; Сродна душа; Избор на љубов; Клучни категории; Отуѓување; Односи; Опримизам и Промени.

**ФАКУЛТЕТ ЗА АРТ И ДИЗАЈН**

Главната активност на наставниците и соработниците во текот на учебната 2019-2020 година беше поврзана со реализација на наставата. Наставата е организирана со изведување на предавања и вежби по соодветните предметни содржини, а полагањата на студентите се организирани преку два колоквиума во зимскиот семестар и два колоквиума во летниот семестар. Во текот на академската година се реализираат вкупно четири колоквиума. На тој начин, наставната материја се презентира во етапи и така се прифаќа од страна на студентите, со што се нагласува етапното совладување на проблематиката по секој предмет одделно. Се спроведуваат и испитните сесии во текот на целата академска година, а значаен дел од работата се и менторствата за дипломски и магистерски трудови.

Исто така, наставниот кадар на Факултетот за арт и дизајн, покрај обврските кон наставата и вон-наставните активности се ориентира и кон научно-истражувачките сфери, индивидуалното творештво преку стручно-уметничките делувања презентирајќи се со самостојни и групни изложби, проекти поврзани со дизајнот, надворешни предавања, семинари, учество во неформално образование и сл. Со ваквиот начин на делување на наставниот кадар на Факултетот за арт и дизајн се потврдува нивниот професионалнен рејтинг во практиката на професијата и одговорното потврдување како професори и соработници со препознатлив уметничко-дизајнерски идентитет.

**РЕД. ПРОФ. Д-Р СТОЈАНКА МАНЕВА - ЧУПОСКА**

1.НАСТАВНИ И ВОН-НАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

**Предмети Прв циклус:**
Дизајн анализа, Цртање, Техники на цртање, Сликање, Техники на сликање, Модна илустрација, Колекција 2, Моден дизајн 2.
**Втор циклус:** Дизајн анализа, Моден дизајн 2, Моден дизајн .

**Менторства (дипломски /магистерски) :**
Ментор на два дипломски труда од насоката за моден дизајн. Член на комисија за одбрана на дипломски трудови.

Во тек е менторство на кандидат од втор циклус на студии.

**Дигитална изложба на ФАД:**
Дел од дигиталната изложба на ФАД со изработка на дела и проекти од студенти од предметите Колекција 2, Моден дизајн 2, Дизајн анализа.

**Промотивни активности на ЕУ-СК**
Организација и учество на конкурс за изработка на плакат за студентите од насоката за графички дизајн со предавање и гостување во Музеј на Холокауст во Скопје.
Организација на објави/интервјуа во онлајн магазинот Fashionel.mk за колекциите на студентите по предметот Колекција 2.

**2.НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКИ АКТИВНОСТИ**
**Објавени научни трудови:**
**"CLOTHING AS A UNIQUE SOCIAL AND IDENTITY CODE"** во организација на Факултетот за дизајн во Херсон, Украина.
**Учество во научни конференции:**
**"CLOTHING AS A UNIQUE SOCIAL AND IDENTITY CODE"** во организација на Факултетот за дизајн во Херсон, Украина.

**3.СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ**
**Групни изложби:**
Учество на неколку изложби во организација на ДЛУМ, учество на две меѓународни изложби во Хрватска под кураторство на историчар на уметност Санда Бајзек.
**Откуп на дело во национални музеи/галерии:**
Откуп на дело „Ало гледај во мојата десна рака" од страна на Националана Галерија Мала Станица.
**Поважни рецензии, интервјуа, медиумски гостувања:**
Присуство на повеќе електронски и печатени изданија поврзани со култура и образование.

**РЕД. ПРОФ. Д-Р ГОРДАНА ВРЕНЦОСКА**

1.НАСТАВНИ И ВОН-НАСТАВНИ АКТИВНОСТИ
**Предмети**
**Прв циклус:** Методологија на дизајнирање, Основи на моден дизајн, Ликовно обликување во дизајнот, Графичка илустрација, Дизајн на плакат, Визуелни комуникации, Графички дизајн 1 и Дизајн концепт
**Втор циклус:** (4+1) (3+2) Графички дизајн А, Методологија на истражување.

**Менторства (дипломски /магистерски)**
Ментор на дипломски труд на Вања Кнежевиќ, предмет: Дизајн на плакат
Ментор на дипломски труд на Ангелина Стефановска, предмет: Визуелни комуникации
Ментор на дипломски труд на Бранкица Тодорова, предмет: Визуелни комуникации
Ментор на дипломски труд на Татјана Богдановска, предмет: Графичка илустрација

**Дигитална изложба на ФАД**
Организација на Дигиталната изложба на ФАД со претставување на делата на студентите по предмети, дела од проекти и конкурси, координирање на поставката од сите катедри. Подготовка на најавно видео обраќање.

**Промотивни активности на ЕУ-СК**
-Дизајн на корица за меѓународно научно списание „ИДЕЈА".
-Дизајн и насоки за промотивни материјали за уписна кампања
-Дизајн на Новогодишна честитка за 2020

**Проекти на ФАД**
Организација и менторство за Конкурс за студентски плакат „Во сеќавање на Холокаустот"
Учество во проект-еКнига и изложба за театарски и танцови плакати

**2.НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКИ АКТИВНОСТИ**
**Учество во научни конференции**
**Fight for evolution, fight for design education**", меѓународна конференција „Fight for Beauty", Latvian College of Culture, 26.11.2019
Член на Програмски и Организациски одбор, во 10-тата Меѓународна научна конференција на ЕУРМ „Патот кон успехот – иновација интеракција, имплементација", септември 2020.

**Објавен труд/дело**
Проф. д-р Гордана Вренцоска, **EVERYONE**, меѓународно списание за наука и уметност „ИДЕЈА".

1. **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ**

**Групни изложби**
-Онлајн изложба на финалисти на конкурсот за дизајн на плакат на Хрватското дизајнерско друштво „Re-Imagining Europe", Загреб.
-Годишна изложба на УМ, Галерија Венеција Виница, 2020

-Изложба од Ликовна колонија „Св. Ѓорѓи“, Дом на култура Виница, 2020

**Резиденции и ликовни колонии**
-Учесник на втора Ликовна колонија „Св. Ѓорѓи“, с. Блатец Виница, 2020

**Дизајн проекти**
-Дизајн на визуелен идентитет и промотивни материјали за Чивнинг конференција "Greening Western Balkans` Environmental Behavior", Мериот Сопје, 2019
-Дизајн на нови сувенири за Старата скопска чаршија „Храната на чаршијата“, откуп на Град Скопје, 2020
**Поважни рецензии, интервјуа, медиумски гостувања**
-Учесник во медиумска кампања на Британска амбасада по повод 8 март, Ден на жената.

## 2. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Реализиран престој на Колецот за култура во Рига, Латвија, ноември 2019, преку Еразмус+ програмата за мобилности.
Член на меѓународниот тим за проектот „COST Action bid on first-person perspective research through design“, кој е во фаза на апликација за фондовите на Европската унија.

### ПРОФ. М-Р ЗОРАН ЃУРЕСКИ

**Одржана настава на ФАД при ЕУРМ:**
Обврските и задолженијата на ФАД при ЕУРМ за изминатата академска 2019/20 година подразбираа подготовка и одржување на настава по следните предмети:

**Прв циклус на студии:**
Основи на проектирање 1, Основи на проектирање 2, Проектирање на ентериер, 3Д дизајн, Индустриски дизајн 1, Ентериер дизајн 1, Ентериер дизајн 2, Илуминација на ентериер

**Втор циклус:**
Ентериер дизајн 1, Ентериер дизајн 2, Индустриски дизајн

**Менторства (дипломски):**
Дипломски труд на Јасемин Ибрахим
Дипломски труд на Димитар Русомаров

**Дигитална изложба на ФАД:**
Дела од студентите за изложба на Факултетот за арт и дизајн .

**Научно – истражувачки активности**:
Објава на научен труд со наслов: „**Инклузијата на лицата со попреченост во процесот на селекција и купување на облека и модни додатоци во Република С. Македонија**" во меѓународното списание за наука и уметност „ИДЕЈА".

**Активности надвор од рамките на наставата:**

- Изработка на проект за архитектура за повеќесемеен станбен објект на ул. Џумајска бр.3
- Изработка на проект за ентериер на ноќен бар во објект лоциран на бул. 8-ми Септември
- Подготовка на елаборат за просторни услови и инвентар на Европски Универзитет – Република македонија.

**ВОН. ПРОФ. М-Р. ХРИСТИЈАН САНЕВ**

**1. НАСТАВНИ И ВОН-НАСТАВНИ АКТИВНОСТИ**

**Предмети**
**<u>Прв циклус:</u>** Компјутерско дизајнирање, Дизајн на печатени медиуми, Мултимедија 1, Дизајн на книга
**<u>Втор циклус:</u>**, Графички дизајн Б

**Менторства (дипломски)**
Ментор на дипломски труд на Митко Севриевски, предмет Графичко уредување на печатени медиуми
Ментор на дипломски труд на Андреа Ангелина Петровска, предмет Дизајн на книга

**2. СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ**

**Групни изложби**
Учество во неколку групни уметнички изложби во земјата и странство.

**Дизајн проекти**
Дизајн за промоција на производи и дизајн на каталози за уметнички изложби.
**Објавени трудови/дела**
Prof. Hristijan Sanev, MA, **INVISIBLE TOUCHES**, меѓународно списание за наука и уметност „ИДЕЈА".

**ВОН. ПРОФ. М-Р МАЈА ЃУРЕСКА**

**1.НАСТАВНИ И ВОН-НАСТАВНИ АКТИВНОСТИ**

**Предмети**
**<u>Прв циклус:</u>** Колекција 1; Моден дизајн 1; Дизајн проект; Индустриски дизајн 2; Моделирање и кроење; Техники на шиење.
**<u>Втор циклус:</u>** (3+2) Дизајн синтеза.

**Менторства (дипломски /магистерски)**
Менторство на дипломски труд на студентот од насоката моден дизајн Ѓоре Петрушев.

**Дигитална изложба на ФАД**
На годишната изложба се изложија дела од предметите:
*Колекција 1* – студенти од трета година од насоката за моден дизајн на ФАД;
*Моден дизајн 1* - студенти од четврта година од насоката за моден дизајн на ФАД.
*Дела на дипломирани студенти*
Активно учество во менторирањето на студентите, како и во подготовките на студентската модна ревија на студентите од прв и втор циклус на студии од насоката за моден дизајн на Моден Викенд Скопје 2020 година, која за жал беше откажана заради состојбата со Ковид-19.

**2.НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКИ АКТИВНОСТИ**
Објава на научен труд со наслов: „**Инклузијата на лицата со попреченост во процесот на селекција и купување на облека и модни додатоци во Република С. Македонија**" во меѓународното списание за наука и уметност „ИДЕЈА".

**Други активности:** Член на Сенатот на Европскиот универзитет, како претсавник од ФАД.

**ВОН ПРОФ. Д-Р ИВАНКА АПОСТОЛОВА**

1. **НАСТАВНИ И ВОН-НАСТАВНИ АКТИВНОСТИ**

**Предмети:** Историја на уметност, Историја на дизајн, Современа уметност
**Авторизирани предавања/учебници:** Надополнување на учебникот за предметот Историја на уметност; скрипта за предметот Историја на дизајн.
**Дигитална изложба на ФАД:** Театарски и танцови плакати (дигитална изложба на страната на Јутуб на Македонскиот центар на ИТИ.
**Проекти на ФАД –** (иницијатива, дизајн, уредување) еКнига и дигитална изложба во соработка со студентите од прва, втора, трета година и проф Гордана Вренцоска – декан, и Македонскиот центар на ИТИ/ПРОДУКЦИЈА.
**Промотивни активности на ЕУРМ –** (промовирање локално и меѓународно) еКнига и дигитална изложба во соработка со студентите.

2. **НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКИ АКТИВНОСТИ**

**Објавена научна авторска книга/еКнига:**
Антропологија изкушње в гледалишчу / Антропологија на искуството во театарот (на словенечки јазик), ISBN. 978-608-66217-5-9. Издавачи Македонски центар ИТИ/ПРОДУКЦИЈА.
**Објавени научни трудови**

Essay in Theater Yearbook-Theater Abroad, ITI Japan
2020``Contemporary Macedonian drama theater and

performance`` with a selection of some of the best theater productions in the last 5 years, on pages 178-189.

Стручни интервјуа за The Theater Times. USA (на англиски јазик) со:

1. *"THE FIFTH ACT" OR THEATRICAL REQUIEM WITH NIKO GORSIC – ЛИНК.*

(интервју со Нико Горшич (Словенија)– актер, режисер)

3. *"LADY WITH A HAT:" INTERVIEW WITH MAŠA OGRIZEK – ЛИНК.*

(интервју со Маша Огризек (Словенија) – перформер и авторка на детска и младинска литература)

4. *PERSPECTIVES OF HUNGARIAN CREATIVE PRODUCER – SYLVIA HUSZÁR – ЛИНК (интервју со Силвија Хушар (Унгарија) – креативе продуцент)*
5. *PETAR MILOSHEVSKI'S REMARKABLE SOLO – BEING BEAUTIFUL, PASSIONATE, IN LOVE – ЛИНК. (интервју со Петар Милошевски (Македонија/Велика Британија) – перформер и актер)*
6. *WHO AM I, THE AUTHOR? BUT WHO IS THE AUTHOR?: AN INTERVIEW WITH ULRIKE SYHA – ЛИНК. (интервју со Улрике Зиха (Германија) – драматург, преведувач, драмска авторка)*

**Учество во научно-стручни конференции:**

- 25 септември 2020, презентација на годишната меѓународна изложба на Европски универзитет на РМ: Уметноста како еден од клучните двигатели на иновациите: (Иновациите во современите изведувачки уметности (фокус на сценографијата во современиот театар и перформанс).
- П Предавање: Креативните индустрии и нивната примена - 28.10.2019, организатори: Транзен, Струмица.
- Презентација: (Годишна програма на ИТИ Македонски центар - Сирота мала богата драма-драматично или патетично): European Regional Meeting and conference - International Theater Institute, International Theater Festival ``Borshtnikovo Srecanje`` - Maribor, Slovenia (18-22 October 2019).

## 7. СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ

**Програмски продуцент (дизајнер) на годишната програма** на Македонскиот центар на ИТИ/ПРОДУКЦИЈА – Сирота мала богата драма – Подемот и падот на драмата 2020, поддржан од Министерството за култура на Р.С. Македонија

**Објавени стручни еКниги (уредник, преведувач, графички дизајнер):**

- Драмска колонија Грожњан: драмски текстови на млади драмски автори од Македонија и Хрватска (Тунели; Кажи Вориос и влези). ISBN. ISBN - 978-608-66217-3-5. Издавачи Македонски центар ИТИ/ПРОДУКЦИЈА.
- Преведување на визуелната драматургија-сценографски елаборати. ISBN. 978-608-66217-4-2. Издавачи Македонски центар ИТИ/ПРОДУКЦИЈА.
- инКВИЗиција драми на Миа Николоска. ISBN. 978-608-66217-7-3 . Издавачи Македонски центар ИТИ/ПРОДУКЦИЈА.
- Театарски и танцови плакати. ISBN. 978-608-66217-8-0 Издавачи Македонски центар ИТИ/ПРОДУКЦИЈА.
- Сценографија Скопје. ISBN. 978-608-4912-00-2. Издавачи Македонски центар ИТИ/ПРОДУКЦИЈА.
- Фото еКнига: Оперни и пијано часови со Кристина Пешева и Горан Диновски. ISBN. 978-608-66217-9-7 . Издавачи Македонски центар ИТИ/ПРОДУКЦИЈА.
  (Покровители Министерство за култура на Р.С.Македонија)

**Самостојни изложби (artist as curator/уметникот како куратор):**
-Дигитална изложба на страните на Македонскиот центар на ИТИ/ПРОДУКЦИЈА: Театарски стрип/Theater Comics. Покровители: Министерство за култура на Р.С.М.
-Дигитална изложба на страните на Македонскиот центар на ИТИ/ПРОДУКЦИЈА: Во потрага по изгубениот режисер (утописки сценографии) / In Search of Lost Director. Покровители: Министерство за култура на Р.С.М.
**Видео театар (креатор, визуелен драматург, преведувач, продуцент):**
-Дисперзирана драматика: Сирота мала богата драма во Кратово (драми во движење (11 видео театарски епизоди). Покровители: Министерство за култура на Р.С.М.
-Дисперзирана драматика во Скопје (театарот во креативните индустрии) – 6 епизоди на видео театар/6 епизоди на видео драмски пичинг. Покровители: Град Скопје.

**Поважни рецензии, интервјуа, медиумски гостувања:**
- 2020, проектните активности на македонскиот центар на ИТИ/ПРОДУКЦИЈА објавени на германската платформа https://kulturama.goethe.de на Гете институт, Германија.
- 2020 мај, текст/изјава за еКнигата драми на Миа Николоска за радио Слободна Европа МК, новинар: Љупчо Јолевски (19.05.2020)
- 2020, мај, интервју: ``Театарот како часовник - дигиталниот ја потенцира вредноста на аналогниот: Иванка Апостоловска Баскар ``, новинар Јасна Франговска, Женски магазин (08.05.2020).

- 2019, октомври, текст/изјава за проектот Дисперзирана драматика: Сирота мала богата драма во Кратово (драми во движење), Македонско радио 2, Емисија за културата, Скопје, МК (25.10.2019).

## ДОЦ. М-Р БЛАГОЈЧЕ НАУМОСКИ

## 1. НАСТАВНИ И ВОН-НАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

**Предмети**
**<u>Прв циклус:</u>** Компјутерско дизајнирање, Основи на графички дизајн, Основи на типографија, Моделирање, Традиција и дизајн, Сценографија, Современ дизајн, Графички дизајн 2
**<u>Втор циклус:</u>** (3+2) Сценографија.
**Посета на изложби**
Посета на изложбата „Ехоа од иднината" на Страхил Петровски во Национална Галерија на Македонија, Мала Станица 2019, ДЛУМ - Годишна изложба - Национална Галерија на Македонија, Мала Станица 2019, „75 ОСТЕН- Светска галерија на цртеж, Национална Галерија на Македонија – објект Чифте Амам 2020.

**Дигитална изложба на ФАД**
Селекција и подготовка на дела од студентите по предметите: Моделирање, Традиција и дизајн, Сценографија, Современ дизајн, Основи на графички дизајн, Основи на типографија, Графички дизајн 2 и Компјутерско дизајнирање.

**Проекти на ФАД**
Сликање на мурали во МЛАДИ ХАБ, Канцеларија на претседателот на Република Македонија - 2019 год.

## 2. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКИ АКТИВНОСТИ

**Објавени научни трудови**
„Квантната физика – предизвик за современ ликовен израз'' Доц. м-р Благојче Наумоски, Меѓународно списание за наука и уметност ИДЕЈА, Европски универзитет – Република Македонија 2019 год.
Член на Организациски одбор на 10-тата меѓународна научна конференција на Европскиот универзитет

## 3. СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ

**Групни изложби**
„75 год ОСТЕН''- Светска галерија на цртеж, Национална Галерија на Македонија – објект Чифте Амам 2020 год

## ДОЦ. М-Р ДЕЈАН ИВАНОВСКИ

## 1. НАСТАВНИ И ВОН-НАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

**Предмети**
<u>Прв циклус:</u> Дизајн на мебел, Дизајн на ентериер

**Дизајн проекти**
Учество во неколку архитектонски проекти и реализации.
Дејан Ивановски е уредник на архитектонскиот програм на фестивалот СКОПЈЕ КРЕАТИВА

## ДОЦ. М-Р ИВАН ДУРГУТОВСКИ

## 1. НАСТАВНИ И ВОН-НАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

**Предмети**
Прв циклус: Фотографија, Мултимедија, втор циклус: Фоторафија

**Менторства (одбранети дипломски /магистерски)**
Викторија Трајановска - Одбрана на дипломски труд по предметот Фотографија на тема: „Најдлабоките психолошки состојби на овој век прикажени низ фотографии"

**Дигитална изложба на ФАД**
Селекција и подготовка на материјали за изложбата
Дизајн на темплејти за студентските дела

**Промотивни активности на ЕУ-СК**
-Дизајн на промотивни материјали за Европскиот универзитет (принт и онлајн) банери, летоци, објави
-Дизајн на насловна илустрација и објава за десетта меѓународна научна конференција „ПАТОТ КОН УСПЕХОТ - ИНОВАЦИЈА, ИНТЕРАКЦИЈА, ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА"

**Неформално образование - работилници и предавања**
Серија од предавања и работилници на тема „Дигитална култура и идни методологии" на академијата за неформално образование Brainster

## 2. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКИ АКТИВНОСТ

Основање на независна истражувачка лабораторија за дигитална култура, трансформација и идни методологии „DGTL12"

## 3. СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ

**Дизајн проекти**
Дизајн на визуелен идентитет за независна истражувачка лабораторија за дигитална култура, трансформација и идни методологии „DGTL12"
Дизајн на визуелен идентитет и дигитална брошура за проект на Европска Комисија за млади, Декември 2019 - Трондхајм, Норвешка

## ДОЦ. М-Р СТРАХИЛ ПЕТРОВСКИ

## 1. НАСТАВНИ И ВОН-НАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

**Предмети:** Фотографија 1, Мултумедија 1

**Посета на изложби**
Посета со студентите повеќе значајни изложби во Националната галерија на Македонија: Јубилејната изложба на дела од "30 год. Галичката ликовна колонија", Изложбата "Мустаќлии", Изложбата "Еха од иднината", Изложба на дела од колекцијата на НГМ; Изложба „Африка во Македонија" во Музејот на Македонија; МАНУ - Изложба на дела, плакати/постери изработени од студентите на Факултетот за Арт и дизајн по повод денот на Холокаустот; Музеј на Современета уметност - Скопје (" Panic Room " или "Скок во мислењето").

**Дигитална изложба на ФАД**
Во текот на месец јуни 2020 година, се реализираше Годишна онлајн изложба на студентите од Факултетот за Арт и дизајн при Европски универзитет, на која учество земаа и моите студенти по предметите Фотографија 1 и Мултимедија 1.

## 2. СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ

**Самостојни изложби**
Во текот на 2019/2020 година, реализирани две самостојни изложби во земјата и странство:
**2019 - "Еха од иднината/Echoes from the future", НУ Национална галерија на Македонија, објект Мала Станица**
**2020 - "Акција/Реакција/Свет(Збор)", "Action/Reaction/Wor(l)d", МЦ Галерија, Њујорк, САД**

**Групни изложби**
Покрај реализирани повеќе од 70 групни изложби, во текот на 2019/2020 година, учесник сум на повеќе групни изложби во земјата и странство:
"Кумановски ликовни уметници" 2019/2020; "ОСТЕН БИЕНАЛЕ НА ЦРТЕЖ-СКОПЈЕ, 2020"; Изложба на дела од Јубилејното издание, "30 год. Галичка ликовна колонија, 2019"; Изложба на селектирани дела по повод Европска ноќ на музеите на тема: "Музеи за различност и вклученост" во Фрањевачки музеј и галерија, Широки Бријег, Босна и Херцеговина, 2020.

**Дизајн проекти**
2019 - Дизајн на плакат за промоција на книгата "РАДИО" од Љупчо Јолевски и организација на промоцијата во Уметничката галерија во Куманово.

**Резиденции и ликовни колонии**
2020 - Учесник на ликовната колонија на наградени автори, "ОСТЕН БИЕНАЛЕ НА ЦРТЕЖ-СКОПЈЕ, 2020"

**Поважни рецензии, интервјуа, медиумски гостувања**

1. Член на рецензиона комисија за избор на колегата м-р Иван Дургутовски во изборно звање Доцент по предметите Фотографија и Мултимедија.

2. Рецензија за изложбата "Еха од иднината, 2019" од Проф. д-р Небојша Вилиќ - Историчар на уметноста; Рецензија за изложбата "Еха од иднината", 2019 од Владимир Таневски - Историчар на уметноста; Интервју за МРТВ; Интервју за телевизија Телма; Интервјуа во: "Факултети", "Номадс", "Нова Македонија", "Радио Слободна Европа", Мега интервју за "Машки магазин"; Објави и текстови за моите изложби во повеќе медиуми и интернет портали.

**3. НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА**

2020 - Награда на "ОСТЕН БИЕНАЛЕ НА ЦРТЕЖ-СКОПЈЕ, 2020

**ДОЦ. М-Р ЕЛЕНА ФИЛИПОВСКА**

**4. НАСТАВНИ И ВОН-НАСТАВНИ АКТИВНОСТИ**

**Предмети**

Прв циклус: Дизајн на мебел (одржување на испити)

**Дигитална изложба на ФАД**

Селекција и подготовка на материјали за изложбата

**ЕЛЕНА МАКАРОВСКА**

**1. НАСТАВНИ И ВОН-НАСТАВНИ АКТИВНОСТИ**

**Предмети**

**Прв циклус:** Методологија на дизајнирање, Основи на моден дизајн, Дизајн проект, Современ дизајн, Дизајн анализа, Дизајн концепт, Индустриски дизајн 1 и 2, Традиција и дизајн, Дизајн анализа, Дизајн концепт, Фотографија 1.

**Дигитална изложба на ФАД**

Соработка, селекција за годишна изложба на ФАД

**Проекти на ФАД**

Посета на изложби, учество во проекти, секретар на Наставно-научниот совет на ФАД

**АСС. М-Р АНГЕЛИНА СПИРОВСКА МУКОВСКА**

**1.НАСТАВНИ И ВОН-НАСТАВНИ АКТИВНОСТИ**

**Предмети:** Цртање, Сликање, Техники на цртање, Техники на сликање, Модна илустрација, Графичка илустрација, Дизајн на плакат, Фотографија, Мултимедија, Ликовно обликување во дизајнот.

**Посета на изложби**

- Изложба на слики „Најнови портрети“ на Дејан Божиновски – Коска во КИЦ
- Изложба „Куферот на Макс Фиш“ од Владимир Симоновски – Кинотека на РСМ
- Изложба ОСТЕН – Биенале на цртеж во Чифте Амам
- Изложба „Во слава на Леонардо“ – Музеј на град Скопје
- Изложба на фотографии „На маргините на скопскиот регион“ – Дарко Николовски во Музеј на Македонија
- Изложба на слики на млади уметници во МКЦ
- Изложба на Баухаус во МСУ
- Изложба на фотографии по повод „70 години НКЦ“ во Чифте амам
- Изложба на слики на Рубенс Корубин во Чифте Амам

**Дигитална изложба на ФАД**
Учесник како асистент (консултант) во селекцијата и подготовката на делата за повеќе предмети
**Проекти на ФАД**
Конкурс за студентски плакат „Во сеќавање на Холокаустот“ (како асистент, консултант)

**2. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКИ АКТИВНОСТИ**
**Учество во научни конференции**
-Учество на 10-та Меѓународна научна конференција „Патот кон успехот – иновација, интеракција, имплементација“ со делото „Виртуелна фасцинација“
-Учество на меѓународна конференција со наслов „Preserving significant cultural heritage sites and promoting intercultural diversity“ во Пеќ, Косово

**3. СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ**
-Рецензија за избор во асистент
-Рецензија за уметничкото дело „Виртуелна фасцинација“ (10та Меѓународна научна конференција)

**ФАКУЛТЕТ ЗА СТОМАТОЛОГИЈА**

Во текот на академската 2019/2020 година на Факултетот за стоматологија наставниците и соработниците максимално и несебично се ангажираа и ја реализираа наставната програма квалитетно и максимално се потрудија да ја промовираат на високо ниво интерактивната настава, потикнувајќи ги и бодрејќи ги студентите да се вклучат во наставата со кратки предавања, изработка на стручни трудови, изработка на проектни задачи и меѓусебни дискусии кои особено се развиваа во текот на практичната настава.

Особено треба да се истакне нивниот ангажман во изборот и користење на современи надгледни средства, кои во голема мера ќе им овозможат на студентите

полесно да ја совладаат наставната содржина и да ги запознаат со современите трендови во стоматологијата.

Следењето на индивидуалниот развој на студентот, комуникацијата и соработката одделно со секој студент како основна определба на едукацијата на ЕУ Скопје беа на задоволувачко ниво од страна на сите учесници во образовниот процес.

Во текот на академската 2019/2020 година професорите и соработниците на Факултетот за стоматологија вложија труд да го афирмираат факултетот преку настапи во медиумите, промотивни настапи во училиштата од средно образование, учествување на стручни собири во Републиката и странство:

1.Ана Белазелковска Грежловска. Клиничка симптоматологија и дентален протокол кај пациенти со бубрежна болест. Усна презентација. Симпозиум со меѓународно учество- Стоматолошко Друштво на Албанците- Тетово,декември 2019.

2. Pop Stefanova-Trposka M. Dental anxiety and stress in orthodontic patients. Oral presentation, 3rd congress of BAOS and 4th of MOS, Ohrid, 2019:25.

3. Petkovski B, Pop Stefanova-Trposka M, Dimitroska S. Multidisciplinary approach in treating hypodontic case – case report. Oral presentation,3rd congress of BAOS and 4th of MOS, Ohrid, 2019.

4. Стојановска В. Компарација помеѓу конвенционалните и новите атхезивни системи.Усна презентација – Симпозиум, Куманово-2019.

5. Стојановска В.,**Поповска Л**., Мирческа М. Влијание на озонот во инфицирани коренски канали: ин витро испитување. Десетта меѓународна конференција-Европски Унивезитет, Скопје,2020

6. **Мимоза Стаменковска**, Дијана Јошева; Маријана Мирческа, Катерина Василева Гешоска. ***Испитување на плунковите биомолекули како нов пристап во раното дијагностицирање на оралните заболувања***. Десетта меѓународна конференција-Еврпски Универзитет, Скопје, 2020.

Наставниот кадар беше активен и со работа во комисии и тела на Стоматолошката комора на Македонија, Македонското стоматолошко друштво, Македонско лекарско друштво и неговните здруженија, во работата на Комисии при Министерството за здравство.

## ФАКУЛТЕТ ЗА ДЕТЕКТИВИ И КРИМИНАЛИСТИКА

Главната активност на наставниците и соработниците во текот на учебната 2019-2020 година беше поврзана со реализација на наставата. Наставата е организирана со изведување на предавања и вежби по соодветните предметни содржини, а полагањата на студентите се организирани преку два колоквиуми во зимскиот семестар и два колоквиума во летниот семестар. Во текот на академската година се реализираат вкупно четири колоквиума. На тој начин, наставната материја се презентира во етапи и така се прифаќа од страна на студентите, со што се нагласува етапното совладување на проблематиката по секој предмет одделно.

## ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ

Освен во одвивањето на наставата, наставниците и соработниците од Факултетот за правни науки беа ангажирани при подготовката на различни правни акти (статут, правилници и сл.) и во низа други активностинеопходни за непречено функционирање на универзитетот како целина. Посебен ангажман сите наставници и соработници остварија во рамките на Програмата за промоција на Европски Универзитет пред матурантите од средните училишта и пред поширокта јавност во државата.

Дел од наставничкиот и соработничкиот кадар учествуваше во спроведувањето на наставата на другите факултети при ЕУ Скопје. Проф. д-р. Живко Андревски предаваше и на Факултетот за економски науки.

Дел од наставниците на Факултетот за правни науки, а во рамките на законските стандарди беа ментори на кандидати кои подготвуваа магистерски тези. Проф. д-р Живко Андревски, 2 менторства, Доц. д-р Марјан Габеров, 11 менторства.

## 10.2 ПОСЕБНИ АКТИВНОСТИ НА ДЕКАНИТЕ НА ФАКУЛТЕТИТЕ

### ФАКУЛТЕТ ЗА АРТ И ДИЗАЈН

### ПРОФ. Д-Р ГОРДАНА ВРЕНЦОСКА

- **Претставник на Деканската управа во Сенатот на ЕУРМ**

Деканот на ФАД редовно присуствуваше на седниците на Сенатот, каде ја следеше работата на сенаторите и процесот на донесување одлуки од важност за Факултетот/Универзитетот.

- **Член на Ректорската управа на ЕУ-СК**

Деканот на Факултетот за арт и дизајн присуствуваше на седниците на Ректорската управа во изминатата академска година, и редовно ја информираше Ректорската управа за одредени прашања кој се однесуваат на Факулетот поврзано со наставата, вон-наставните активности, просторните услови, опремување на нашите простории, финансисите прашања. Исто така Деканот даваше предлози за промотивни активности, учествуваше со забелешки за правилниците и друго. Деканот имаше комуникација и координација со Ректорот проф. д-р Владо Ванковски и со Проректорката за настава проф. д-р Елизабета Стамевска, како и со Ген. секретар Андреја Андреев.

- **Месечни извештаи**

Деканот на Факултетот за арт и дизајн испраќаше месечни извештаи поврзани со редовноста на наставниот кадар на работното место, боледувања, додатни активности кој наставниот кадар – професори и асистенти ги обавуваат и надвор од наставната програма и работно време.

- **Неделни извештаи за одржана настава**

Од средината на март деканот испраќаше неделни извештаи за одржана онлајн настава до Ректорот, Проректорот за настава и Управата.

- **Обврски со наставата**

Деканот на Факултетот во исто време е и наставник за 8 предмети во првиот циклус и 3 предмети во вториот циклус, редовно ги извршува и обврските поврзани со реализација на наставната програма за своите доверени предмети преку предавања, вежби и консултации, редовно следење на условите за

одржување на настава, секојдневна комуникација со продеканот за настава, во врска со распоредите за колоквиуми и испитни сесии, разговор за конкретни наставни прашања и наставни планови, комуникација со носителите на трите катедри, за тековни работи поврзани со реализација на наставната програма од самите катедри. Како шеф на катедра за Графички дизајн ги координира активностите поврзани со работата на овој сегмент од факултетот.

- **Координација на тимот на ФАД**

Деканот координираше со тимот на 5 наставници (во целосно работно време), 6 насловни професори,  1 асистент, 1 соработник, 2 демонстратори и 1 техничко лице. Колегиумите во текот на годината се одржуваа преку состаноци и онлајн средби.

- **Водење на Наставно-научен совет на ФАД**

Деканот спроведе 17 седници на Наставно-научниот совет на Факултетот, и во координација со правната служба ги спроведуваше сите одлуки донесени на Советот. Него го сочинуваат наставниците во редовен работен однос, а присутни се и секретарот на советот и другите асистенти.

- **Комуникација со Управата на ЕУ-СК**

Деканот на ФАД одржуваше консултации со Претседателот на управниот одбор проф. д-р Елица Андреска, повремени директорката проф. д-р Биљана Андреска – Богдановска, со Проректорката за настава проф. д-р Елизабета Стамеска, комуникација  со останатите декани од другите факултети, комуникација со правната служба, комуникација со студентската служба.

- **Комуникација со студентите**

Во текот на академската година континуирана и активна беше комуникацијата со студентите, во врска со прашања поврзани со наставата, со реализација на проектите, праксата, правилниците, оправдани отсуства, одредени забелешки и сугестии, разговори со родители кои се интересираат за текот студирањето, средби со потенцијални кандидати и друго. Деканот постојано преку емаил ги информираше студентите за сите активности поврзани со нивните студии, распоредите за колоквиуми и испити, гостинските предавања, проектите, конкурсите и друго. Оваа комуникација беше особено важна и интензивна во периодот по 11.03.2020, кога по известувањето од МОН беше прекинат наставниот

процес, и понатаму студентите останаа да ги следат наставните активности од дома до крајот на семестарот.

**Годишна програма за работа на ФАД**

Во согласност со Закон за високо образование, Деканот подготви Годишна програма за работа на Факултетот за 2019/2020 година.

- **Годишен извештај за работата на ФАД 2018/19**

Во текот на Академската 2019/20 година од страна на деканот беше подготвен Годишниот извештај за работата на ФАД во Академската 2018/19 година.

- **Промоција на ФАД / Европски**

Деканот на Факултетот за арт и дизајн беше континуирано вклучена во промотивните активности, и го координираше учеството на ФАД во промоцијата на ЕУРМ, ангажираноста на дел на професори и асистенти во подготовка и дизајн на промотивни материјали, интервјуа со алумни, како и организација на настани.

- **Организација на Дигиталната изложба на ФАД**

Деканот ја координираше организацијата, селекцијата и поставувањето на делата на студентите на ФАД како дигитална изложба на ФБ страната на Европскиот универзитет, а подготви и најавно видео обраќање за изложбата.

- **Меѓународна соработка**

Деканот одржува постојана комуникација со канцеларијата на Еразмус во врска со мобилности на професори и студенти, како и комуникација со партнерските универзитети. Во текот на академската година беа направени контакти со професори, декани, уметници, стручњаци од обласат на дизајнот, како Сандра Плота, директорка на Колеџот за култура на Латвија, Даина Гага Еке, раководителка на одделот за мода и дизајн и Кристијана Тумена, Еразмус координатор, на истиот колеџ, Ана Шлапетрова, професорка од Институтот за арт и дизајн во Прага, Даниеле Вајлд, професорка на одделот за дизајн и комуникации на Универзитетот на Јужна Данска и други лица.

- **Учество во организација на 10-тата меѓународна научна конференција**

Деканот беше член на Програмскиот и Организацискиот одбор на конференцијата во септември 2020, давајќи свој придонес во тематските сегменти, подготвката на Повикот за трудови и дела и како Графички уредник на конференцијата.

- **Подготовка на материјали за веб страна**

Деканот подготвуваше материјали потребни за објавување на веб страната на ЕУ-СК, известувања, промотивни огласи и друго.

- **Присуство на настани на ЕУ-СК**

Деканот присуствуваше на настаните организирани на ЕУРМ, како Првиот академски час, доделувањето на дипломите на студентите, 10-тата меѓународната научна конференција.

- **Присуство на други важни настани**

Деканот присуствуваше на свеченоста по повод 70 години од основањето на Националниот конзерваторски центар, на 13.12.2019 во Чифте Амам.

Деканот присуствуваше на комеморативна академија по повод 27 Јануари – Меѓународниот ден на сеќавање на Холокаустот во Македонската академија на науките и уметностите и отворање на изложба на плакати изработени од студенти по графички дизајн.

- **Медиумски активности**

Деканот на ФАД во текот на годината интензивно комуницираше со службата за ПР и Маркетинг на ЕУ-СК, и доставувшеа известувања за проследување информации на ФБ, Инстаграм и веб страната. Таа учествуваше и во медиумска кампања на Британската амбасада со видео обраќање по повод 8 март, денот на жената.

## ФАКУЛТЕТ ЗА ДЕТЕКТИВИ И КРИМИНАЛИСТИКА

## ДОЦ. Д-Р АЛЕКСАНДАР НАЦЕВ

Во текот на 2019/2020 година во својство на Декан на Факултетот за детективи и криминалистика редовно присуствував на одржаните седници на Ректорска управа, со дневен ред определен од Ректорот. Меѓутоа, според укажаните тековни прашања поврзани со функционирањето на Факултетот и пошироко, учествував и на ad hoc состаноците со членовите на Ректорската управа (наставно-научни прашања, просторен и организационен дизајн, човечки ресурси итн.), при што партиципирав со конкретни предлози поврзани со тековното работење.

Во однос на активностите поврзани со редовното извршување на обврските од академскиот, наставничкиот и соработничкиот кадар во извештајниот период редовно испраќав извештаи до Претседателот на Управниот одбор на ЕУРМ проф. д-р Бојо Андрески, членовите на Ректорската управа со што обезбедив благовремено информирање за сите детали од функционирањето на Факултетот: одржани предавања, вежби, отсуства од работа (приватни/службени), дополнителни активности на кадарот, контакти со институции, соработка и унапредување на работата.

Исто така, редовно ги проверувам, контролирам и потпишувам месечните извештаи за одржани предавања на наставниот кадар (во редовен работен однос, насловни наставници и визитинг наставници и асистенти) со што придонесувам за непречено одржување на наставнио процес, комуникација со студенти, одржани консултации и останати облици на соработка. Во текот на овој период на Факултетот, се оствари вработување на еден соработник, асс. м-р Лета Барџиева Миовска во редовен работен однос со што се зајакна кадровскиот капацитет на институцијата. Исто така, како насловен доцент беше избрана и доц д-р Елена Соклевска Илиевски, која даде особен придонес за работата на ФДК.

Во анализираниот период вработените на Факултетот вложија професионален ангажман за реализација на наставата, за градење на квалитетни меѓучовечки односи и подигнување на интегритетот во целина. Наставниот и асистентскиот тим на Факултетот беше сочинет од 5 редовно вработени наставници, 1 редовно вработен асистент, одреден број на визитинг и насловни наставници со кои воспоставив успешна работна координација и комуникација. Од посебно значење претставува и мојата комуникација со студентите од прв и втор циклус студии, која беше редовна, конкретна, коректна, а како најчести теми беа следните: практична настава, посета на институции, консултации за полагање колоквиуми и испити и друго.

# 11. РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ И ФАКУЛТЕТИТЕ

## 11.1 Работни обврски на Универзитетскиот сенат во академската 2019/2020 година

Универзитетскиот сенат на Европски универзитет Скопје е орган на управување и стручен орган. Претседател на Универзитетскиот сенат на ЕУ Скопје е проф. д-р Љупчо Сотироски. Во сенатот секоја единица во состав на универзитетот има најмалку по еден, а најмногу два претставници. Членови на универзитетскиот сенат на Европски универзитет Скопје се:

-проф. д-р Оливера Саракинова – Факултет за стоматологија;

-проф. д-р Енис Реџеп – Факултет за стоматологија;

-доц. д-р Зоран Крстевски – Факултет за економски науки;

- доц. м-р Маја Ѓуреска – Факултет за арт и дизајн;

- доц. м-р Благојче Наумовски – Факултет за арт и дизајн;

- доц. д-р Игор Лазов – Факултет за информатика;

- проф. д-р Ѓорги Сламков – Факултет за правни науки.

Одржани се вкупно 7 /седум/ седници на Универзитетскиот сенат во академската 2019/2020 година. Точки кои се содржани во дневен ред за работата на Универзитетскиот сенатот за академска 2019/20 година се следните:

- Констатација на оставка од функција Ректор;
- Објавување Оглас за избор на Ректор на Европски Универзитет;
- Формирање Универзитетска изборна комисија за избор на Ректор на Европски Универзитет;
- Презентирање на резултатите од спроведените избори и доделување Уверение за избран Ректор на проф.д-р Владо Ванковски;
- Разрешување на проф. д-р Елизабета Стамевска од функцијата Генерален секретар по барање 03-677/1 од 24.09.2019 година;
- Предлог за избор на Генерален секретар;
- Избор на Проректор за настава по предлог бр.02-697/1 од 27.09.2019 година, проф. д-р Елизабета Стамевска;
- Избор на Проректор за меѓународна соработка по предлог бр.02-698/1 од 27.09.2019 година, проф. д-р Зоран Јолевски;

- Потврдување избор на Декан на Факултетот за правни науки – доц. д-р Марјан Габеров;

- Потврдување избор на Декан на Факултетот за економски науки – проф. д-р Александра Станковска;

- Избор на проф. д-р Ѓорги Сламков за член на Универзитетскиот сенат на Европски универзитет Скопје

- Формирање на Комисија за спроведување на самоевалуација;

- Промена на називот на Факултетот за стоматологија во Факултет за дентална медицина;

- Усвојување на студиска програма Циркуларна економија втор циклус едногодишни магистерски студии (4+1) на Факултетот за економски науки во состав на Европски Универзитет – Република Македонија;

- Усвојување на годишен извештај за работата на Универзитетот во академската 2018/2019 година;

- Потврдување на избор на доц. д-р Анис Сефиданоски за Декан на Факултетот за информатика;

- Усвојување на годишни програми за работа на Факултетите во состав на Европски Универзитет;

- Усвојување на Унивезитетски календар на активности и неработни денови во учебната 2020/2021 година за I (прв) циклус и II (втор) циклус на студии (4+1 и 3+2) на Европски Универзитет Скопје;

- Предлог од Ректор за разрешување на проф. д-р Зоран Јолевски од функцијата Проректор за меѓународна соработка бр.03-131/1 од 04.03.2020 година;

- Барање за престанок на вршење на функцијата проректор за меѓународна соработка на Европски Универзитет Скопје бр. 03-163/1 од 09.03.2020 година, поднесено од проф.д-р Зоран Јолевски;

- Избор/реизбор на проф. д-р Љупчо Сотироски за член на Универзитетскиот сенат на Европски универзитет Скопје;

- Формирање комисија за избор на Претседател на Универзитетски сенат;

- Избор на проф. д-р Ѓорги Сламков на функцијата претседател на Универзитетски сенат;

- Потврдување на избор на декан на Факултетот за стоматологија – доц. д-р Катерина Василева Гешоска.

На седниците на Универзитетскиот сенат, покрај претседателот на сенатот и сенаторите, редовно присуствуваа деканите на факултетите во состав на Европски универзитет Скопје, Генералниот секретар и претставник од правната служба, м-р Санела Стојаноска.

**11.2 Работни обврски на Ректорската управа во академската 2019/2020 година**

Ректорската управа на Европски универзитет Скопје ја сочинуваат ректорот, проректорите, деканите на факултетите во состав на универзитетот, претседателот и членовите на Управниот одбор на универзитетот.

Ректорската управа во текот на академската 2019/2020 година одржа вкупно 8 /осум/ редовни седници.

Како точки на дневен ред кои беа разгледани и усвоени од страна на Ректорската управа, во академската 2019/2020 година се следните:

- Разгледување на предлог планот за систематизација на ЕУРМ (Генерален секретар);
- Разгледување на финансиска состојба за 2019/20 година на поедини факултети;
- Предлог едногодишна и тригодишна програма предложена од ННС на сите факултети до сенатот на ЕУРМ;
- Предлог програма за научно – истражувачка програма;
- Интер-универзитетска конференција на приватните универзитети на ЕУРМ на 6-ти ноември (среда) 2019 година;
- Организирање на кампања за упис на студенти;
- Начин на пријавување и полагање on-line колоквиуми и испити во јунски испитен рок 2019/2020 година и on-line пријавување/одбрана на дипломски и магистерски трудови;
- објавување на Конкурс за запишување на I /прв/ циклус академски-додипломски и стручни студии и Конкурс за запишување на II /втор/ циклус академски-постдипломски студии во академската 2020/21 година;

- Воведување на полагање колоквиуми и испити во јунски испитен рок 2019/2020 година, on-line и со физичко присуство на студентите;
- Формирање на комисија за прием на студенти на прв и втор циклус студии за академската 2020/2021 година;
- Воведување на on-line одбрана на дипломски и магистерски трудови за студенти кои се наоѓаат надвор од државата;
- Воведување на комбинирана настава во зимскиот семестар од академската 2020/2021 година со on-line и физичко присуство на студентите, во согласност со утврдените Протоколи за превенција од Covid-19.

## 11.3 Работата на органите во состав на единиците на Европски универзитет Скопје

### ФАКУЛТЕТ ЗА ЕКОНОМСКИ НАУКИ

Во овој дел за работата на органите на факултетот опишани се активностите на Наставно-научниот совет, Наставно-научниот колегиум, Деканската управа и Катедрите при факултетот.

**Наставно-научен совет**

Наставно-научниот совет во академската 2019/2020 година функционираше во следниот состав: Декан: проф. д-р Александра Станковска, Проректор за настава: проф. д-р Елизабета Стамевска, проф. д-р Билјана Андреска Богдановска, проф. д-р Савица Димитриеска, проф. д-р Зоран Јолевски, доц. д-р Зоран Крстевски, Виш лектор Марија Драговиќ. На седниците на ННС редовно присуствуваа: правник м-р Санела Стојаноска, секретарот на ННС асс. м-р Стефанија Симеонова и асистентите Верица Најдовска, Верица Неделковска и Тања Крстева. Согласно точките на Дневен ред на седниците на Наставно-научниот совет, се покануваа да учествуваат и наставниците избрани во звање-насловен доцент. Исто така, на седниците на ННС присуствуваше и претставник на студентите Бранкица Димитриеска.

Наставно-научниот совет оддржа 18 /осумнаесет/ Наставно – научни седници, од 261 –та седница оддржана на 1 /први/ септември 2019 година до 278-та седница оддржана на 9 /деветти/ септември 2020 година. Најчести точки на Дневен ред беа наставните прашања, усвојување на програми за работа и распореди за предавања и вежби, усвојување на барања за подготовка на учебници и учебни помагала, објавување на конкурси за избор /промоција на наставно-соработнички кадар, донесување акти потребни за функционирање на Факултетот, пријави на магистерски трудови, извештаи од барања за формирање на комисии за одбрана на магистерски трудови, усвојувања на извештаи од рецензиони комисии за одбрана на магистерски трудови. Со законската обврска од Министерството за образование и наука за проверка на магистерските трудови за плагијатизам, Извештаите за плагијатизам на магистерски трудови исто така се разгледуваат на состаноците на Наставно-научниот совет.

**Наставно-научен колегиум**

Наставно-научниот колегиум во академската 2019/2020 година функционираше во следниот состав: Раководител на ННК: доц. д-р Зоран Крстевски и членови: Декан проф. д-р Александра Станковска, проректор за настава проф. д-р Елизабета Стамевска, проф д-р Билјана Андреска Богдановска, проф. д-р Савица Димитриеска, проф. д-р Зоран Јолевски и Виш лектор Марија Драговиќ. Наставно-научниот колегиум се оддржува еднаш месечно, пред оддржувањето на седниците на Наставно-научниот совет на Факултетот за економски науки. На дневен ред на колегиумот претежно се пријави за изработка на магистерски трудови.

**Деканска управа**

Деканската управа се состануваше повеќе пати неделно и ги вршеше работите од своја надлежност, како ги подготвуваше и предлагаше актите и материјалите за прашања за кои одлучува Наставно-научниот совет и Деканот, за издавачката дејност на факултетот, како и други работи што беа актуелни во тековното работење на Факултетот за економски науки.

**<u>Катедри</u>**

Наставата се планираше во рамките на катедрите, како на додипломски, така и на последипломски студии. Во 2019/2020 година функционираа следните катедри на Факултетот за економски науки: Деловна економија, Маркетинг, Бизнис менаџмент, Финансии и Здравствен и фармацевтски менаџмент.

**ФАКУЛТЕТ ЗА АРТ И ДИЗАЈН**

Во овој дел за работата на органите на факултетот опишани се активностите на Наставно-Научниот Совет, Наставно-Научниот Колегиум, Деканската управа и Катедрите при Факултетот.

**<u>Наставно –научен совет</u>**

Наставно-научниот совет во академската **2019/2020 година** функционираше во следниот состав:

Декан, проф. д-р Гордана Вренцоска, проф. д-р Стојанка Манева – Чупоска, проф. м-р Зоран Ѓурески, проф. м-р Маја Ѓуреска, доц. м-р Благојче Наумоски. Деканот ги подготвува и свикуваа седниците на Наставно-научниот совет, а секретар на Советот е Елена Макаровска.

На состаноците редовно присуствуваат и соработниците Елена Макаровска и асс. м-р Ангелина Спировска Муковска, без право на гласање.

Наставно-научниот совет оддржа вкупно **17 седници**, од **168** до **184** седница. Најчести точки на Дневен ред беа наставните прашања, распореди за предавања и вежби, распореди за доверување на наставата, објавување на конкурси за избор/реизбор на професори и соработници, усвојување рецензии за избор/реизбор, усвојување на стручно-уметнички проекти и извештаи за реализација, извештаи за Еразмус+ мобилност, усвојување пријави за магистерски трудови, годишни програми и извештаи, и друго.

**<u>Наставно-научен колегиум</u>**

Наставно-научниот колегиум во академската **2019/2020 година** функционираше во следниот состав: претседател: проф. д-р Гордана Вренцоска, проф. д-р Стојанка Манева – Чупоска, проф. м-р Зоран Ѓурески, проф. м-р Маја

Ѓуреска, доц. м-р Благојче Наумоски. Во академската **2019/20 година** се одржаа наставно-научни колегиуми каде се разгледуваа пријави за изработка на магистерски трудови со предлог теми од областа на графичкиот дизајн. Истите беа предложени за усвојување на ННС.

**Деканска управа**

Главниот ангажман на деканската управа беше посветен на подготовка на материјали, правилници, одговори на одредени барања поврзани со административното работење, работа со странки.

Во оваа академска година значаен дел од активностите беа посветени на префрлувањето на наставните активности онлајн и координирање на процесите за реализација на предвидените активности.

**Катедри**

Наставата, и особено вон-наставните активности се планираат во рамките на катедрите, како на додипломски, така и на последипломски студии.

Во прилог се информации поврзани со работата на катедрите за графички, моден и дизајн на ентериер.

**КАТЕДРА ЗА ГРАФИЧКИ ДИЗАЈН**

Шеф на катедра: проф. д-р Гордана Вренцоска

Во 2019/2020 година основна задача на работата на оваа катедра беше реализацијата на наставата и исполнување на обврските зададени со наставните програми (студентска практика и друго). Наставата се одвиваше со одржување на предавања и вежби по предметите утврдени со акредитираната наставна програма од прв и втор циклус на студии.

Катедрата за графички дизајн ја сочинуваа:

1. Проф. д-р Гордана Вренцоска
2. Проф. м-р Христијан Санев
3. Доц. м-р Благојче Наумовски
4. Доц. м-р Иван Дургутовски
5. Демонстратор Ветон Арифи, студент на втор циклус
6. Демонстратор Снежана Давиткова, студент на втор циклус

Акцентот на изведувањето на наставата е од практичен карактер, со што поголем контакт со реалниот свет и потребите на пазарот и општеството. Студентите активно учествуваа и во вон-наставни активности: дизајн на плакати за Меѓународниот ден на теататрот и балетот) и конкурси за дизајн, каде постигнаа одлични резултати. Треба да се спомене учеството на студентите во Конкурсот за детска илустрација на фестивалот Литера, конкурсот за дизајн на плакат на Хрватското дизајнерско друштво „Re-Imagining Europe" и Конкурсот за дизајн на плакат за сеќавање на Холокаустот, на која освоија прво (Снежана Давиткова) две трети места (Наум Секулоски и Ветон Арифи).

**Дигитална изложба на ФАД:**

Катедрата зеде активно учество во дигиталната изложба на ФАД, каде беа презентирани бројни трудови на студентите од тековната студентска година, трудови на дипломираните студенти по графички дизајн и трудови од проектите и конкурсите.

**КАТЕДРА ЗА ДИЗАЈН НА ЕНТЕРИЕР**

Шеф на катедра: проф. м-р Зоран Ѓурески

Реализацијата на наставата беше главната активност на наставниците и соработниците во текот на учебната 2019-2020 година. Наставата е организирана со изведување на предавања и вежби по соодветните предметни содржини и секоја седма недела се организира колоквиум. На тој принцип се организираат два колоквиуми во текот на семестарот односно четири колоквиуми во текот на академската година. На тој начин, наставната материја се презентира во етапи и така се прифаќа од страна на студентите, со што се нагласува етапното совладување на проблематиката по секој предмет одделно.

На Катедрата за ентериер на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет – Република Македонија, настава држеа:

1. Доц. м-р Зоран Ѓурески
2. Доц. м-р Дејан Ивановски
3. Доц. м-р Елена Филиповска

**Дигитална изложба на ФАД:**

Катедрата зеде активно учество во дигиталната изложба на ФАД, каде беа презентирани одредени трудови на студентите од тековната студентска година, и трудови на дипломираните студенти.

**КАТЕДРА ЗА МОДЕН ДИЗАЈН**

Шеф на катедра: проф. д-р Стојанка Манева – Чупоска (до 09.03.2020), проф. м-р Маја Ѓуреска: од 23.09.2020

Катедрата за моден дизајн се состои од професори и асистенти кој ја реализираат наставната програма со изборни предмети. Наставата се одвива според предходно утврдени наставни програми. Катердрата за моден дизајн настојува да врши и одредени програмски промени во однос на наставните програми се со цел да се постигне поголема активност и резултат од страна на студентот. Вежбите се одвиваат во кабинетот за моден дизајн кој воедно се користи и како техничка лабораторија која е составена од повеќе индустриски машини за шиење, маси за моделирање и кроење, машина за везење, преси за пеглање, каде се овозможува работа на студентите во професионални услови за техничка реализација. Преку целиот наставен процес студентите се подготвуваат за практична реализација и запознавање со модниот дизајн и неговата функција.

На катедрата за моден дизајн за академската **2019/20 година** професори и соработници беа:

Проф. д -р Стојанка Манева- Чупоска

Проф. д-р Гордана Вренцоска

Проф. м-р Маја Ѓуреска

Уметнички дизајнер Елена Макаровска

Демонстратор Данијела Савиќ

Демонстратор Искра Младеновска

Техничко лице – Гордана Божиновска

Покрај редовните обврски за реализација на наставата и одржување на вежби во склоп на наставата, катедрата за моден дизајн во текот на академската 2018/19 год учествуваше во проекти поврзани со модниот дизајн, со учество на Скопскиот моден викенд, како и пракса во компании како Кокев. Елена Лука, Академија Леонтиќ и др.

Со вакните практични искуства студентите ја добиваат големо практично искуство кое е од голема важност за самите нив. Тие истовремено креираат и свое сопствено студентско портфолио кое ќе им биде многу потребно по завршувањето на студиите на Факултетот за арт и дизајн.

**Дигитална изложба на ФАД:**

Катедрата зеде активно учество во дигиталната изложба на ФАД, каде беа презентирани одредени трудови на студентите од тековната студентска година, и трудови на дипломираните студенти по моден дизајн.

**Дополнителни/промотивни активности:**

Изработка на студентски капи за промоција на дипломи за прв и втор циклус во реализација на техничко лице Гордана Божиновска.

Објава на интервјуа на студентите од предметот Колекција 2 во Fashionel.mk, во координација на проф. д -р Стојанка Манева-Чупоска

## ФАКУЛТЕТ ЗА СТОМАТОЛОГИЈА

**Наставно-научен совет**

Наставно - научниот совет во 2019/2020 година го сочинуваа:

**Ректор:** проф. д-р Владо Ванковски - редовен професор, **Декан:** доц. д-р Катерина Василева Гешоска, проф. д-р Оливера Саракинова- редовен професор, проф. д-р. Маја Поп Стефанова – Трпоска - редовен професор, проф. д-р Вера Стојановска - вонреден професор, проф. д-р Енис Реџеп- вонреден професор, доц. д-р Емилија Костадиновска , доц. д-р Маријана Мирческа, доц. д-р Снежана Димитровска, доц. д-р Соња Вујасин, доц. д-р Снежана Ивиќ Колева и асс. м-р Мимоза Стаменковска.

Наставно-научниот совет во 2019/2020 година одржа 18 седници, од кои поголемиот дел беа за избор на наставници и соработници и донесување на акти, неопходни за функционирање на Факултетот за стоматологија.

- доц. д-р Катерина Василева Гешоска беше избрана за Декан на Факултетот за стоматологија;

- д-р Роза Крстеска беше избрана за Насловен вонреден професор по предметот Психијатрија;
- д-р Соња Вујасин беше избрана за Доцент по група предмети по Стоматолошка протетика;
- д-р Снежана Димитровска беше избрана за Доцент по група предмети по Ортодонција;
- д-р Емилија Костадиновска беше избрана за Доцент по група предмети по Детска стоматологија;
- д-р Маријана Мирчевска беше избрана за Доцент по група предмети по Дентална патологија;
- доц. д-р Маријана Мирчевска беше избрана за Продекан на Факултетот за стоматологија;
- д-р Јордан Ѓурчевски беше избран за соработник, асистент, по предметот Орална хирургија;
- д-р Борче Петковски беше избран за соработник, асистент, по предметот Ортодонција;
- д-р Дијана Јошева се здоби со назив стручен соработник, по група предмети од Стоматолошка протетика;
- Беше издадено учебно помагало - практикум по Микробиологија и имунологија за студентите по стоматологија.

Записниците од ННС се составен дел од овој извештај.

**Деканска управа**

Деканската управа ги вршеше и работите од својата надлежност односно ги подготвуваше и предлагаше актите и материјалите за прашања за кои одлучува наставно-научниот совет и Деканот, како и други работи што беа актуелни во тековното работење на Факултетот за стоматологија во рамките на ЕУ Скопје.

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДЕТЕКТИВИ И КРИМИНАЛИСТИКА**

Во овој дел за работата на органите на факултетот опишани се активностите на Наставно-Научниот Совет, Наставно-Научниот Колегиум, Деканската управа и Катедрите при Факултетот.

**Наставно –научен совет**

Наставно-научниот совет во академската **2019/2020 година** функционираше во следниот состав: Декан: доц. д-р Александар Нацев, Продекан: проф. д-р. Љиљана Конеска, проф. д-р Љупчо Сотировски, проф. д-р Атанас Козарев, проф. д-р Марјан Богданоски, доц. д-р Елена Соклевска Илиевски, асс. Мина Ефремовска и асс м-р Лета Барџиева Миовска, кои последователно ја обавуваа функцијата секретар на ННС на ФДК.

Наставно-научниот совет својата прва седница за академската 2019/20 година ја оддржа на 17.10.2019 (164 седница) додека последната седница беше одржана на 29.09.2020 (176 седница), со што вкупно беа одржани **13 седници.** Најчести точки на Дневен ред беа наставните прашања, распореди за предавања и вежби, објавување на конкурси за избор/реизбор на професори, доверување на настава, пријави за магистерски трудови, извештаи од барања за формирање на комисии за одбрана на магистерски трудови, усвојувања на извештаи од рецензиони комисии за одбрана на магистерски трудови.

**Наставно-научен колегиум**

Наставно-научниот колегиум во академската **2019/2020 година** функционираше во следниот состав: Декан, доц. д-р Александар Нацев, Продекан, проф. д-р Љиљана Конеска, проф. д-р Љупчо Сотировски, проф. д-р Атанас Козарев, проф. д-р Марјан Богданоски и доц. д-р Елена Соклевска Илиевски. Во академската **2019/20 година** се одржаа наставно-научни колегиуми каде се разгледуваа повеќе пријави за изработка на магистерски трудови со предлог теми од областа на криминалистиката и националната безбедност.

**Деканска управа**

Главниот ангажман на деканската управа беше посветен на подготовка на материјали, правилници, одговори на одредени барања поврзани со административното работење. Во работата на деканската управа беше вклучен целиот наставен кадар.

## ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ

### Наставно-научен совет

Наставно-научниот совет во 2019/2020 година функционираше во следниот состав: декан - доц. д-р Марјан Габеров, продекан - проф. д-р Живко Андревски, проф. д-р Ѓорѓи Сламков, асс. м-р Ебру Ибиш (секретар на Наставно – научен совет).

Наставно-научниот Совет во текот на академската 2019/2020 година одржа 19 седници, од кои поголемиот дел беа за донесување на одлуки за одбрана на магистерски тези, одлуки за избор на наставници и соработници и донесување на акти, неопходни за функционирањето на Факултетот, меѓу кои и Годишната програма за работа на Факултетот.

### Деканатска управа

Деканатската управа во текот на академската 2019/2020 година се состануваше повеќе пати неделно и ги вршеше работите од своја надлежност: ги подготвуваше и предлагаше актите и материјалите за прашања за кои одлучуваат наставно-научниот совет и деканот, за издавачката дејност на факултетот, како и други работи што беа актуелни во тековното работење на Факултетот за правни науки.

## ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА

Академските активности на Факултетот за информатика се одвиваат преку законски определени органи на управување и тоа: Наставно-научен совет и Деканска управа.

### Наставно-научен совет

Во текот на академската 2019/2020 година Наставно-научниот совет на Факултетот за Информатика функционираше во следниот состав: доц. д-р Анис Сефиданоски (декан), проф. д-р Александра Андреска-Саревска, доц. д-р Игор Лазов, лектор Елена Пренцова, стручен соработник м-р Борко Христов, насловни доценти - д-р Игор Бимбилоски, д-р Владимир Николиќ и д-р Јован Пехчевски.

Седници на Наставно-научниот совет беа одржувани редовно и со присуство на претставник од правната служба, м-р Санела Стојаноска, при што

задолжително беше воден записник. Најчести точки на днавниот ред беа наставно-академските прашања како објавување конкурси и избори/реизбори на наставници и асистенти, формирање рецензентски комисии за подобност на темата и кандидатот, комисии за преглед и оценка и комисии за одбрана на магистерски тези, усвојување барања за подготовка на учебници, промоција на Факултетот, информации и дискусии околу квалитетот на наставата и слично.

**<u>Наставно-научен колегиум</u>**

Членови на Наставно-научниот колегиум се сите наставници на Факултетот за информатика кои се вклучени во академскиот процес. Најчести точки на дневниот ред на Колегиумот беа разгледување пријави за магистерски работи и презентации на истите. Посебен нагласок беше ставен на законската обврска дадена од Министерството за образование и наука за проверка на потенцијален плагијаризам во научните трудови на магистерските и докторските кандидати.

**<u>Деканска управа на Факултетот за информатика</u>**

Во текот на првиот семестар на академската 2019/2020 година Декан на Факултетот за информатика беше проф. д-р Зоран Гацовски, а на Универзитетскиот сенат на 30 декември 2019 година за Декан на Факултетот за информатика беше избран доц. д-р Анис Сефиданоски. Функцијата на продекан не е назначена, а претставник во Сенатот на ЕУ е доц. д-р Игор Лазов.

## 12. РАБОТАТА НА ЕРАЗМУС КАНЦЕЛАРИЈА

Канцеларијата Еразмус+ со координатор асс. Верица Најдовска, во текот на академска 2019/2020 година воспостави контакти со повеќе универзитети од странство.

Секторската програма „Еразмус+“ е двигател на модернизацијата на високото образование во Европа, која преку академската мобилност им овозможува на студентите размена на образовно искуство во поинаква академска, културна и општествена средина. Со цел придонес за развој на Европа како напредно општество на знаење со одржлив развој, Европски универзитет се вклучува во програмата „Еразмус+“ и поттикнува размена, соработка, студентска и наставничка мобилност.

Како резултат на успешното имплементирање на програмските активности Европскиот универзитет Скопје има склучено Интеринституционални договори за соработка со следниве универзитети: University of Ljubljana – Faculty of Social Science, Ljubljana, Slovenija; Universita di Foggia-Italy; Istanbul University – Istanbul, Turkey; Gazi University – Ankara, Turkey; Ticaret University – Istanbul, Turkey; Akdeniz University – Antalya, Turkey; Biruni University – Istanbul; University of Business Studies (UPS), Banja Luka; International University Travnik -Bosnia and Herzegovina; University of Donja Gorica, Podgorica, Montenegro; The University of Economics and Culture, Riga, Latvia; Ege University, Izmir, Turkey; University of Busines and Rural Development, Plovdiv, Bulgaria; Faculty of Commercial and Business Sciences, Celje, Slovenia; Aspira-University College of Management and Design, Split, Croatia; Burgas Free University, Burgas, Bulgaria; European University of Tirana, Tirana, Albania; Universum College, Pristina, Kosovo; Faculty of Economics, University of Nis, Serbia; University of Split-Split, Croatia; Latvia Culture College at the Latvian Academy of Culture, Riga, Latvia.

За време на процесот на селекција на нашите идни партнерски институции ќе се обидеме да обезбедиме квалитетно партнерство кое не се заснова само на репутацијата на партнерскиот универзитет, туку и на добрата реципрочна мобилност на студентите, академски и административен кадар.

## 13. МЕЃУНАРОДНО НАУЧНО СПИСАНИЕ ЗА НАУКИ И УМЕТНОСТИ „ИДЕЈА“

Европскиот универзитет Скопје започнувајќи од академската 2018/2019 година го издава Меѓународното списание за наука и уметност ИДЕЈА. Основната замисла во развивањето на идејата за издавање на меѓународно научно списание беше да се даде можност за објавување на размислувањата и истражувањата на авторите кои третираат актуелни теми и проблематики на денешницата. Ова списание има меѓународен уредувачки одбор кој го сочинуваат еминентни професори и научници од реномирани универзитети од 8 земји вклучувајќи ги Македонија, Хрватска, Србија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Турција, Шпанија и Италија.

Во академската 2019/2020 година беше издаден само 1 /еден/ број на списанието ИДЕЈА, односно беше публикувано издание број 6, кое има 180 страни. Во Списанието **ИДЕЈА број 6,** објавени се 19 научни трудови од различни области, како и 14 уметнички и дизајнерски дела. Главното тежиште за анализа во презентираните сознанија и заклучоци на авторите во оваа издание, е поврзано со размена на современи искуства, практики и знаења од областа на новите парадигми во инклузивното општество. Разработените теми го прикажуваат односот помеѓу традиционалното и инклузивното општество, и посочуваат на предизвиците со кои се соочуваме на патот кон поставувањето на новите парадигми на инклузивното општество. Списанието, исто така донесува и редица уметничко-дизајнерски апликации.

Главен и одговорен уредник на 6-то издание е проф. д-р Живко Андревски.



## 14. САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 од Законот за високо образование („Сл.весник на РМ" бр.82/18), а со цел унапредување на квалитетот во работењето, во академската 2019/2020 година се спроведе самоевалуација на Европски универзитет Скопје за период од 2016 до 2019 година.

Извештајот од спроведената самоевалуација, се употребува како материјал за споредба на резулатите добиени од претходно извршените самоевалуации, како и за наредните.

Самоевалуацијата се спроведе во текот на зимскиот семестар во академската 2019 година, со помош на анкетирање на студентите кое се однесуваше на: студиските програми на факултетите, наставниот и соработничкиот кадар, начинот на изведување на наставата и одржување на вежбите, проверката на стекнати знаења, услугите на Службата за студентски прашања, квалитетот на услугите на административниот кадар, информатичките центри, библиотеката, односот на ректорот, деканите, наставничкиот и соработничкиот кадар спрема студентите.

Самоевалуацијата се спроведе со цел да се согледаат достигнувањата од примената на најдобрите практики на високото образование во работењето на Европски Универзитет Скопје. Универзитетот е целосно посветен на воведување на современи високообразовни стандарди со цел да понуди високо квалитетно образование за своите студенти.

По извршената самоевалуација донесени се следните заклучоци:

- Студентите се задоволни од степенот на пренесено знаење од страна на наставничкиот и соработничкиот кадар, одржаните предавања и вежби, и од материјалнот за подготовка на предавања;
- Студентите покажуваат задоволство и во однос на услугите и достапноста на административниот кадар и вработените во Службата за студентски прашања;
- Високо ниво на задоволство од факултетот на кој студираат;
- Незадоволство најмногу е изразено во поглед на техничката опременост на компјутерските лабаратории.

**ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА**

Мисијата на Европски универзитет Скопје, како приватна високообразовна институција во Република Северна Македонија, е да создава квалитетно знаење, кое ќе биде пренесено како на сегашните, така и на идните студенти.
Оваа своја мисија ЕУ Скопје континуирано ја реализира, преку своја зацртана стратегија.

Наставно-образовната, научна и апликативна дејност на универзитетот се остварува на 6 /шест/ единици во состав на ЕУ Скопје. Во склоп на Универзитетот функционира и ПЗУ-Универзитетски стоматолошки клинички центар „Проф. д-р Бојо Андрески"Скопје, каде што студентите на Факултетот за стоматологија ја извршуваат практичната работа и се здобиваат со нови знаења.

Европски универзитет Скопје, како образовна институција која е оплеменета со интелектуална и културна разновидност, целосно е посветена на едукација на своите студенти, како во делот на додипломските, така и во делот на последипломските студии. Универзитетот се стреми на своите студенти да им обезбеди база на знаење, работни навики и вештини, со чија помош ќе успеат да постигнат лично усовршување и унапредување на општеството во кое живеат и работат.

Визијата на Европски универзитер Скопје е постојан и сигурен напредок, со цел постигнување на европски стандарди во наставно-образовниот процес.

**Р е к т о р :**

**Проф. д-р Владо Ванковски**